# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
## на ООУ „Јоаким Крчоски“

Волково, Ѓорче Петров

учебна 2022-2023 година





Јуни 2023 година

# 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1.1.ТАБЕЛА СО ОПШТИ ПОДАТОЦИ

### ЛИЧНА КАРТА НА ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Јоаким Крчоски“ |
| Адреса, општина, место | Волково, Ѓорче Петров, Скопје |
| Телефон | 02/2053-117 |
| Факс | 02/2053-117 |
| Веб-страница | www.oujoakimkrcoski.edu.mk |
| Е-маил | ou-joakimkrchoski-volkovo-gjorchepetrov@schools.mk |
| Основано од... | Собрание на општина Идадија<br>1982 Централно училиште со 3 подрачни училишта во Кучково, Никиштани и Грачани<br>1995 подрачно училиште во Грачани е укинато<br>1999/2000 подрачно училиште во Кучково е укинато |
| Општинско основно училиште | 2007 Општина Ѓорче Петров |
| Верификација-број на актот | 11-587/16 |
| Година на верификација | 31.01.1986 |
| Година на изградба | 1948-1950, доградба 1976-1978 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 2 ката, 960 $m^2$ |
| Површина на училишен двор ($m^2$) | 5000 $m^2$ |
| Површина на спортска сала | 800 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење на течно гориво |
| Училиштето работи во смени | 2 (две) |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 18 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

**ЛИЧНА КАРТА НА ОПОУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Никиштани**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното подрачно училиште | ОПОУ „Јоаким Крчоски“ |
| Адреса, општина, место | Никиштани, Ѓорче Петров, Скопје |
| Телефон | 02/2053-216 |
| Факс | 02/2053-117 |
| Веб-страница | www.oujoakimkrcoski.edu.mk |
| Е-маил | ou-joakimkrchoski-volkovo-gjorchepetrov@schools.mk |
| Основано од... | 1982 |
| Верификација-број на актот | 11-587/16 |
| Година на верификација | 31.01.1986 |
| Година на изградба | 1948-1950, доградба 1969-1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 1 кат , 460$m^2$ |
| Површина на училишен двор ($m^2$) | 3600 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1000 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење на дрва |
| Училиштето работи во смени | 2 (две) |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Албански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, СТРУЧНИ ОРГАНИ И УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| | |
|---|---|
| Членови на Училишен одбор | Борјанка Стојчевска, Сања Андевска, Имране Селмани, Игор Јовановски, Исамедин Амети, Ламбе Крстески и Александра Ивановска |
| Членови на Советот на родители | 18 во централно училиште и 9 во подрачно училиште (по еден претставник од секоја паралелка). |
| Стручни активи (видови) | Стручни активи на македонски и албански наставен јазик: одделенска настава, природна група предмети и општествена група предмети |
| Одделенски совети (број на наставници) | 29 централно училиште, 14 подрачно училиште. |
| Членови на Училишниот инклузивен тим | Марија Петреска, Ана Настова, Јасмина Стојановска, Јованка Костовска, Елеонора Трајковска, Гордана Несторовска, Симона Лекоска |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 54 (по еден претставник и еден заменик од секоја паралелка). |
| Членови на Ученички парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на Ученичкиот парламент) | Ученички парламент централно училиште – претседател на Ученички парламент 16 членови (претседатели и подпретседатели на одделенските заедници)Ученички парламент подрачно училиште – претседател на ученички парламент 8 членови (претседатели и подпретседатели на одделенските заедници) |
| Ученички правобранител | Ученик правобранител Борјана Тодоровска, ученик заменик правобранител Ангела Цветковска. |

# 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 2.1. Податоци за училишниот простор

| Податоци за училишниот простор | | |
|---|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково** | **ОПОУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Никиштани** |
| Вкупен број на училишни згради | 1 | 1 |
| Број на подрачни училишта | / | 1 |
| Бруто површина | 960 $m^2$ | 455 $m^2$ |
| Нето површина | 960 $m^2$ | 455 $m^2$ |
| Број на спортски терени | 1 | 1 |
| Број на спортска сала | 800 $m^2$ | / |
| Број на катови | 2 | 1 |
| Број на училници | 10 | **7** |
| Број на помошни простории | 1 | 1 |
| Училишна библиотека | 1 | / |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење | Со сопствено централно греење |

## 2.2. Податоци за училишниот простор

## ООУ„Јоаким Крчоски“ Волково

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 542 | Трет степен на развиеност<br>Училиште со 10 универзални училници | Недостасуваат 2 училници за кабинетска настава |
| Кабинети | / | / | | Неопходна е специјализирана просторија за адекватна реализација на наставата од природна група предмети |
| Библиотека | 1 | 16 | Мала просторија | Недоволен број на книги, лектири и стручна литература |
| Медијатека | / | / | | Потребна е училишна медијатека |
| Читална | / | / | | |
| Спортска сала | 1 | 800 | | |
| Канцеларии | 4 | 54 | Просторија за наставничка канцеларија<br>Просторија за раководството на училиштето<br>Просторија за администрацијата<br>Просторија за стручната служба | Несоодветна просторија за наставничка канцеларија |
| Сензорна соба | / | / | | Потребна е изградба и опрема на сензорна соба за индивидуална работа со ученици со ПОП |
| Училишен двор | / | 5000 | Училишна зграда,спортски терен | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | | |
| Кујна | / | / | | |
| Трпезарија | / | / | | |
| Друго | | 375 | Просторија за помошниот персонал, влезови, холови, просторија за техничко одржување на зградата; просторија за греење, санитарно – хигиенски простории | |

**ОПОУ„Јоаким Крчоски“ Никиштани**

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 7 | 320 | Училиште со 6 училници и 1 помала просторија во која се реализира настава во I одделение | |
| Кабинети | / | / | | Специјализирана просторија за адекватна реализација на наставата од природна група предмети |
| Библиотека | / | / | | |
| Медијатека | / | / | | |
| Читална | / | / | | |
| Спортска сала | / | / | | Неопходна е изградба на спортска сала со соблекувални за учениците |
| Канцеларии | 2 | 41 | Просторија за наставничка канцеларија;<br>Просторија за раководството на училиштето; | Несоодветна просторија за наставничка канцеларија |
| Училишен двор | / | 3600 | Училишна зграда и спортско игралиште | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | | |
| Кујна | / | / | | |
| Трпезарија | / | / | | |
| Друго | | 185 | Просторија за помошниот персонал, влез, хол. просторија за греење, санитарно – хигиенски простории; | |

## 2.3. Опрема и наставни средства согласно - Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Во централното училиште | Една училница е опремена со компјутери за настава по информатика | Потребни се 4 телевизори или смарт табли за потребите на наставата според новата концепција |
| Во подрачното училиште | Една училница е опремена со компјутери за настава по информатика | Потребни се 2 телевизори или смарт табли за потребите на наставата според новата концепција |
| Учениците од одделенска настава | Располагаат со 117 мали лаптоп компјутери | Но, поголем број од нив не работат, и треба да се заменат со нови |
| Наставници (одделенска и предметна настава) | 39 мали лаптоп-компјутери (но не се во функција и треба да се заменат со нови) | Имаат потреба од соодветна информатичка технологија (компјутер-лап топ) за непречена реализација на наставата |

| | | |
|---|---|---|
| Училиштето располага со: | 5 PC компјутери во службените простории и 8 PC за непречена реализација на наставата | |
| Информатичко технолошка и мултимедијална опрема | 1 фотокопир,<br>1 мултифункционален уред копи факс, 3 мултифункционални фотокопири за настава (2 во централно и 1 во подрачно училиште), 3 принтери, опрема за видео надзор (во централното училиште), 4 LCD проектори, 2 дигитални фотоапарати, таблети, 4 смарт телевизори (2 во центално училиште и 1 во подрачно училиште) | Потребни се СМАРТ табли за функционална реализација на современата настава |
| Музички инструменти | 1 синтисајзер, 5 CD плеери, појачало со звучници, 2 микрофони, звучник. | |
| Спортски реквизити | Топки, чуњеви, јажиња, греди, мрежа и сл. | Потреба од разни видови спортски реквизити |
| Училишна библиотека | Книги, учебници, стручна литература | Потреба од учебници, енциклопедии и стручна литература |
| Средства | Постери, плакати, училишни карти | Обновување на постоечките и потреба од нови |
| Материјали | Дидактички материјал по математика, физика, биологија, хемија | |
| Играчки | Разни видови на друштвени игри и играчки | |

## 2.4. Податоци за училишната библиотека

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Книги | 3100 |
| 2. | Учебници | 5800 |
| 3. | Стручна литература | 1000 |

## 2.5. Реализација на План за обновување и адаптација во основното училиште

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Опремување на училница со училишен мебел за кабинетска настава - Биологија | 45 | Училница за класична и кабинетска настава |
| Опремување на училница со училишен мебел за кабинетска настава - Хемија | 45 | Училница за класична и кабинетска настава |

# 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ”

## 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор /советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гордана Несторовска | 1968 | Специјалист по училишна психологија | VII Б | Стручен соработник - психолог | | 29 |
| 2. | Босилка Симоноска- Донева | 1979 | Професор | VI А | Стручен соработник - библиотекар | | 21 |
| 3. | Симона Лекоска | 1993 | Специјален едукатор -рехабилитатор | VI А | Стручен соработник -дефектолог | | 5 |
| 4. | Борјанка Стојчевска | 1964 | Наставник | VI Б | Наставник математика-физика | | 26 |
| 5. | Катица Георгиева | 1972 | Професор | VI А | Наставник по музичко образование | | 26 |
| 6. | Соња Лазороска | 1974 | Професор | VI А | Наставник по математика - физика | | 22 |
| 7. | Марија Ставреска | 1968 | Професор | VI А | Наставник по ликовно образование | | 22 |
| 8. | Љупка Христова | 1974 | Професор | VI А | Наставник по историја | | 20 |
| 9. | Силвана Миленковиќ | 1974 | Професор | VI А | Наставник по физичко образование | | 20 |
| 10. | Марија Петреска | 1984 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 15 |
| 11. | Ана Настова | 1979 | Професор | VI А | Наставник по биологија | | 13 |
| 12. | Гордана Костовска | 1972 | Професор | VI А | Наставник по информатика | | 13 |
| 13. | Маријана Дејкоска | 1984 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 9 |
| 14. | Даниела Кимовска | 1975 | Професор | VI А | Наставник по македонски јазик | | 14 |
| 15. | Јасмина Стојановска | 1980 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 17 |
| 16. | Игор Анѓелески | 1986 | Професор | VI А | Наставник по физичко образование | | 12 |
| 17. | Кире Николовски | 1982 | Професор | VI А | Наставник по географија | | 3 |
| 18. | Славица Тренкоска | 1984 | Професор | VI А | Наставник по француски јазик | | 13 |
| 19. | Силвана Савевска | 1980 | Професор | VI А | Наставник по етика | | 12 |
| 20. | Валентина Ивановска | 1969 | Магистер по менаџмент на човечки ресурси | VII А | Наставник по одделенска настава | ментор | 28 |
| 21. | Јованка Костовска | 1978 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 20 |
| 22. | Сања Андевска | 1979 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 20 |
| 23. | Маја Тодоровска | 1978 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 19 |
| 24. | Слаѓана Смилчевска | 1980 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 19 |
| 25. | Слаѓана Гаврилоска | 1981 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 15 |
| 26. | Тања Анѓелкоска | 1982 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 12 |
| 27. | Маја Петковска | 1982 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 12 |
| 28. | Валентина Панчевска | 1981 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 10 |
| 29. | Даница Павчевиќ | 1983 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 15 |
| 30. | Насер Азизи | 1965 | Наставник | VI Б | Наставник по биологија-хемија | | 32 |
| 31. | Љуљзиме Јусуфи | 1986 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 16 |
| 32. | Бесим Амети | 1986 | Магистер по менаџмент на човечки ресурси | VII А | Наставник по географија | | 14 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33. | Нуран Исмаили | 1989 | Професор | VI А | Наставник по албански јазик | | 10 |
| 34. | Аријета Мехмеди | 1990 | Професор | VI А | Наставник по француски јазик | | 10 |
| 35. | Мусли Азизи | 1972 | Професор | VI А | Наставник по физичко образование | | 1 |
| 36. | Севиме Амети | 2000 | Економски техничар | IV | Наставник по информатика, математика | | 1 |
| 37. | Рабије Мифтари | 1995 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 4 |
| 38. | Слаѓана Новеска -Трајковска | 1976 | Професор | VI А | Наставник по македонски јазик | | 18 |
| 39. | Цељаљ Исаки | 1986 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 10 |
| 40. | Локман Мемети | 1985 | Професор | VI А | Настевник по одделенска настава | | 17 |
| 41. | Јашар Исмаили | 1984 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 11 |
| 42. | Имране Селмани | 1989 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 3 |

### 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. Бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Елеонора Трајковска | 1978 | Професор | VI А | Директор на училиште | | 14 |
| 2. | Јусрен Селмани | 1980 | Професор | VI А | Помошник директор | | 13 |

### 3.3. Податоци за воспитувачи

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Катерина Петреска | 1964 | Воспитувач | VI Б | Наставник по одделенска настава | | 28 |
| 2. | Себије Мемеди | 1969 | Воспитувач | VI А | Наставник по одделенска настава | | 28 |

### 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Бојан Илкоски | 1960 | Правник | VI Б | Секретар | | 33 |

### 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Вицко Георгиjев | 1962 | Економист | VI Б | Домаќин | | 23 |
| 02. | Сашо Јаневски | 1975 | Тек. техничар | III | Хаусмајстор | | 16 |
| 03. | Сузана Боцевска | 1978 | Правен техничар | IV | Хигиеничар | | 6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 04. | Сузана Стојановска | 1972 | Ос. Учили. | I | Хигиеничар | | 26 |
| 05. | Јулијана Мишевска | 1972 | Тек. техничар | III | Хигиеничар | | 23 |
| 06. | Исмаилаки Адеми | 1960 | Столар | III | Ложач | | 34 |
| 07. | Неат Јусуфи | 1964 | Ос.учили. | I | Хигиеничар | | 27 |
| 08. | Неџмедин Хамиди | 1971 | Техничар за трговија | IV | Хигиеничар | | 12 |

## 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. Бр. | Име и презиме на образовниот медијатор | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / |

## 3.7. Вкупно податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 56 | 8 | 30 | 10 | 6 | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 |
| Број на наставен кадар | 40 | 2 | 24 | 8 | 5 | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| Број на воспитувачи | 2 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на стручни соработници | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно технички кадар | 8 | 2 | 3 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошник на директорот | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.8. Вкупно податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии - втор циклус | 3 |
| Високо образование | 40 |
| Виша стручна спрема | 5 |
| Средно образование | 6 |
| Основно образование | 2 |

### 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 13 |
| 41-50 | 23 |
| 51-60 | 14 |
| 61-пензија | 3 |

### 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етичка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 3 | **54** | 18 | 18 | 5 | 10 | | | 1 | 2 | | | | |
| **II** | 3 | **64** | 21 | 18 | 11 | 11 | | | | 2 | | | 1 | |
| **III** | 3 | **53** | 20 | 12 | 10 | 10 | | | | 1 | | | | |
| **I-III** | 9 | **171** | 59 | 48 | 26 | 31 | | | 1 | 5 | 1 | | 1 | |
| **IV** | 3 | **57** | 14 | 15 | 11 | 13 | | | | | 1 | 2 | 1 | |
| **V** | 3 | **51** | 19 | 17 | 9 | 5 | | | | | 1 | | | |
| **IV-V** | 6 | **109** | 32 | 34 | 20 | 18 | | | | | 2 | 2 | 1 | |
| **VI** | 3 | **52** | 16 | 20 | 11 | 4 | | | | | | | 1 | |
| **VII** | 3 | **63** | 23 | 17 | 11 | 9 | | | 1 | 1 | | | 1 | |
| **VI-VII** | 6 | **116** | 40 | 38 | 22 | 13 | | | 1 | 1 | | | 1 | |
| **VIII** | 3 | **49** | 15 | 18 | 9 | 8 | | | 2 | 1 | | | 1 | |
| **VII-VIII** | 6 | **113** | 34 | 35 | 20 | 17 | | | 3 | 2 | | | 2 | |
| **IX** | 3 | **52** | 20 | 19 | 7 | 5 | | | | | | 1 | | |
| **VIII-IX** | 6 | **103** | 31 | 38 | 16 | 13 | | | 2 | 1 | | 1 | 1 | |
| **VI-IX** | 12 | **220** | 71 | 76 | 38 | 26 | | | 3 | 2 | | 1 | 3 | |

# 4. МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Материјално-финансиско работење се воспоставува кога раководната структура го планира и организира работењето на начин кој обезбедува разумно уверување, при остварување на целите буџетски средства (вклучувајки ги сите извори на финансирање) да се користат правилно, етички, економично, ефикасно и ефективно, како и усогласеност на работењето со законите, прописите, политиките, плановите  и постапките.

ООУ „Јоаким Крчоски“ – Скопје, се финансира со средства од Буџетот на РСМ преку блок дотација од Министерството за образование на сметка 903, средства од самофинансирачки активности за тип на сметка 787, средствата од донации – тип на сметка 785 и буџетска тип на сметка 603-од Буџет на општина и МОН.

Со планирање по аналитички конта се изготви финансиски план за тип на сметка 903- за исплата на плати и придонеси за социјално осигурување, за покривање на материјални трошоци и одржување.

Годишниот буџет се креираше согласно насоките од Министерството за финансии и Општината Ѓорче Петров од причини што буџетот на училиштето е составен дел од буџетот на општината како целина. Буџетот го донесува Советот на општината по предходно разгледување и предлагање од Училишниот одбор на училиштето.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

**Спроведуваме успешна инклузија и современа настава во еколошка чиста и безбедна средина. Континуирано даваме помош, поддршка и водиме грижа за потребите, интересите и добросостојбата на сите ученици без разлика на полова, етничка, верска и социјална припадност. Создаваме пријатна работна атмосфера и позитивни меѓучовечки односи, почитување и соработка меѓу сите субјекти.**

**ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

**Ќе ја унапредиме демократската клима во училиштето со активно вклучување на учениците и родителите во училишните активности. Со обезбедување стабилен интернет пристап во сите простории, набавка на нова опрема и обуки на наставниците за користење нови платформи . Ќе се насочиме кон подобрување на просторните капацитети на училиштето со цел воведување на кабинетска настава.**

**ЦЕЛ**

**Креирање услови за реализација на настава, вонанаставни активности и подобрување на демократската клима во училиштето.**

**СТРАТЕГИЈА**

**Обезбедување услови, опрема и обуки за современа настава и реализација на активности со ученици, родители и наставници за подобрување на демократската клима во училиштето.**

**МОТО**

**Сигурни кон демократска иднина**

# 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

| **Приоритетно подрачје на промени** | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1: Обезбедување услови и опрема за реализација на современа настава**<br>**Развојна цел 1.1.: Набавка на ИКТ за наставници и ученици за реализација на современа настава** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1. Набавка на ИКТ за наставници и ученици и нејзино поставување во определените простории** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Анализа на потреби, обезбедување финансии за набавки на неопходната ИКТ опрема | Обезбедени доволно финасии и услови за набавки на потребната ИКТ опрема | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Учебна 2022/2023 | Информатичка опрема, компјутер, печатар, интернет | Тим определен на Наставнички совет |
| Набавки на неопходна ИКТ за ученици и наставен кадар (замена на застарена и оштетена опрема) | Набавена е 80 % од потребната ИКТ опрема соодветна на потребите на наставен кадар и учениците | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Учебна 2022/2023 | Информатичка опрема, компјутер, печатар, анкетни листови, стручна литература | Тим определен на Наставнички совет |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **РЕСУРСИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2: Зафати за подобрување на условите за престој и работа во училиштето**<br>**Развојна цел 2.1.: Подобрување на услови за престој и работа во централно училиште**<br>**Развојна цел 2.2. Подобрување на инфраструктурата во подрачното училиште** | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1.1. Адаптација на просторија во наставничка канцеларија и нејзино опремување со канцелариски мебел** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Подготовки на просторија за наставничка канцеларија со мебел и опрема | Подобрување на условите за престој и работа на наставници во училиште | Домакин<br>Хаусмајстор | Учебна 2022/2023 | План на училиштето | Директор, секретар |
| **Конкретна цел 2.1.2. Адаптација на тоалет за лица со телесна попреченост** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Изработка на нацрт и проект за работа, набавка на потребни | Навреме обезбедени план, проект, нацрт и материјали за работа | Секретар<br>Општина Ѓорче | Октомври 2022 | Проект, план за работа, фактури, | Директор<br>Помошник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| материјали | | Петров | | испратници | директор |
| Адаптација на тоалетот според потребите на лица со телесна попреченост | Зголемен број на тоалетни простории во училиштето за лица со телесна попреченост | Хаусмајстор Општина Ѓорче Петров | Октомври 2022 | Проект и нацрт за адаптација, шема на училиштето | Директор Секретар |
| Редовно одржување на хигиена и исправност на тоалетот за лица со телесна попреченост | За 30% подобрени услови за престој на лица со ПОП (резултати од анкета) | Технички пресонал | Почнувајќи од Ноември 2022 | Листи за одржување на хигиена, записи од поправки | Секретар Домаќин |
| **Развојна цел 2.2. Подобрување на инфраструктурата во подрачното училиште** | | | | | |
| Градежни зафати за проширување на подрачното училиште | Инфраструктурата на училиштето проширена со 2 училници и нови тоалети | Помошник директор Совет на родители | Август 2022 до Март 2023 | Проект и нацрт за адаптација, шема на училиштето | Директор Секретар |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел: 3.Унапредување на училишната клима и зајакнување на поддршката на учениците**<br>**Развојна цел: 3.1. Подобрување на училишна клима и зајакнување на поддршка на учениците** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1. Употреба на изработените процедури и програми за унапредување на работата на училиштето** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Разгледување на изработените процедури и програми од Училишен одбор | Усвоени процедури и програми до определениот датум | Училишен одбор | Септември -Октомври 2022 | Записници од Училишен одбор,интернет, процедури, правилници, | Директор Помошник-директор Секретар |
| Примена на изработените процедури и програми во работењето на училиштето | Подобрување на: училишна клима за 30%, чувство за безбедност на учениците за 25% и поддршка на ученици од ранливи категории за 35% (податоци од анкета) | Стручни активи | Учебна 2022/2023 | Записници од увиди во спроведување на усвоените правилници и процедури | Стручна служба Претседатели на стручни активи |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел: 4. Унапредување на демократските процеси во училиштето и активности на училиштето**<br>**Развојна цел 4.1.: Вклучување на учениците во демократските активностите на училиштето** | | | | | |
| **Конкретна цел 4.1.1. Вклучување на учениците во работа на Наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишен одбор** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анкета на интерес учениците за вклучување во работа на Наставнички совет, совети на паралелки и Училишен одбор | Листа на заинтересирани ученици за вклучување во работа на Наставнички совет, совети на паралелки, Училишен одбор | Ученички парламент | Учебна 2022/2023 | Компјутер<br>Интернет<br>Закон за основно образование | Директор<br>Претседател на Училишен одбор |
| Поканување на учениците за учество во седници на Наставнички совет, совети на паралелки, Училишен одбор | 95 % пријавени ученици се поканети на најмалку една седница на наставнички совет, совети на паралелки и училишен одбор | Ученички парламент | Учебна 2022/2023 | Компјутер<br>Интернет<br>Правилници | Директор<br>Претседател на Училишен одбор |
| Учество на учениците во седници на Наставнички совет, Совети на паралелки, Училишен одбор | Присуство на ученици на 70% седници на Наставнички совет, Совети на паралелки и Училишен одбор | Ученички парламент | Учебна 2022/2023 | Компјутер<br>Правилници<br>Процедури<br>Закони<br>Протоколи | Директор<br>Претседател на Училишен одбор |

## 6.1. Евалуација на акциски планови

| **ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИ ПЛАНОВИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Точка на акција која се евалуира** | **Одговорни за следење** | **Критериум за успех** | **Инструменти** | **Индикатори за успешност** | **Повратна информација** |
| Анализа на потреби, обезбедување финансии за набавки на неопходната ИКТ опрема | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Утврдени се потребите на наставен кадар за неопходна ИКТ. Изготвена листа на потреби за набавка на ИКТ | Анализи<br>Анкети | Анктирани се 100% од наставниците во централно и подрачно училиште и од резултатите од анкетата е изготвена листа на потреби за набавки на ИКТ | Обезбедени финасии и услови за набавки на потребна ИКТ опрема |
| Адаптација на тоалети за лица со телесна попреченост | Секретар<br>Помошник-директор | Подобрена пристапност на училиштето за лица со телесни пречки, унапредување на здравјето на лица со телесни пречки | Анализи<br>Прашалник<br>Чек листа | Изградени по тоалети за лица со телесна попреченост – по еден во централното и подрачното училиште | Препораки за унапредување на здравјето на лицата со посебни потреби |
| Изградба на 2 училници во подрачното училиште | Директор<br>Секретар | Подобрени физички услови за реализација на настава и воннаставни активности во подрачното училиште | Прашалници за ученици и наставници<br>Чек листи | За 60 % се подобрени условите за реализација на настава и воннаставни активности со учениците во подрачното училиште | Мотивација на учениците за подобрување на дисциплината и постигнувањата |
| Примена на изработените процедури и програми во работењето на училиштето | Стручни активи | Подобрување на чувството за безбедност и добросостојба на учениците во училиштето | Анкета<br>Чек листи<br>Анализа на извештаи | Повеќе од 20% ученици изјавуваат дека се чувствуваат побезбедно а повеќе од 40% изјавуваат дека им е подобрена добросостојбата во училиште | Мотивирање на учениците за ненасилно однесување, меѓусебна почит, соработка и другарување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците во работа на Наставнички совет, совети на паралелки и Училишен одбор | Директор Претставници од Училишен одбор | Зголемен демократски придонес на учениците во работа на училишните тела и органи. Вклучување на заинтересираните ученици во активностите на училиштето. | Анкети Прашалници Чек листи Статистички анализи Разговори | Учество на заинтересирани ученици во 80% од реализираните седници на Наставнички совет, Совети на паралелки и Училишен одбор. | Вреднување на придонесот на учениците во работата на училишните тела и органи и мотивација за нивно натамошно вклучување. |

# 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково

## 7.1. Табеларен преглед на одделенски раководители

### Централно училиште

| Листа на одделенски раководители во ООУ „Јоаким Крчоски” македонски наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски раководител** | **Замена во отсуство на одделенскиот раководител** |
| I[1] | 20 | Катерина Петреска | Даница Павчевиќ |
| I[2] | 19 | Даница Павчевиќ | Катерина Петреска |
| II[1] | 21 | Слаѓана Гаврилоска | Маја Тодоровска |
| II[2] | 21 | Маја Тодоровска | Слаѓана Гаврилоска |
| III[1] | 17 | Валентина Панчевска | Слаѓана Смилчевска |
| III[2] | 16 | Слаѓана Смилчевска | Валентина Панчевска |
| IV[1] | 16 | Маја Петковска | Тања Ангелкоска |
| IV [2] | 17 | Тања Ангелкоска | Маја Петковска |
| V[1] | 17 | Сања Андевска | Јованка Костовска |
| V[2] | 20 | Јованка Костовска | Сања Андевска |
| VI[1] | 19 | Славица Тренкоска | Кире Николоски |
| VI[2] | 18 | Кире Николоски | Славица Тренкоска |
| VII[1] | 21 | Катица Георгиева | Даниела Кимовска |
| VII[2] | 22 | Даниела Кимовска | Катица Георгиева |
| VIII[1] | 16 | Силвана Миленковиќ | Јасмина Стојановска |
| VIII[2] | 16 | Јасмина Стојановска | Силвана Миленковиќ |
| IX[1] | 21 | Љупка Христова | Борјанка Стојчевска |
| IX[2] | 19 | Борјанка Стојчевска | Љупка Христова |
| Продолжен престој | | Валентина Ивановска | Марија Петреска |

## Подрачно училиште

| Листа на одделенски раководители во ООУ „Јоаким Крчоски” албански наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски раководител** | **Замена во отсуство на одделенскиот раководител** |
| I | 15 | Имране Селмани | Локман Ибраими |
| II | 21 | Локман Ибраими | Себије Мемеди |
| III | 19 | Јашар Исмаили | Џељаљ Исаки |
| IV | 23 | Џељаљ Исаки | Јашар Исмаили |
| V | 14 | Себије Мемеди | Имране Селмани |
| VI | 15 | Бесим Амети | Насер Азизи |
| VII | 20 | Насер Азизи | Бесим Амети |
| VIII | 17 | Љуљзиме Јусуфи | Нуран Исмаили |
| IX | 12 | Нуран Исмаили | Љуљзиме Јусуфи |

## 7.2. Работа во смени

Во учебната 2022/2023 во централното и подрачното училиште, наставата се реализираше во две смени кои се менуваа на секои две недели.Прва смена за учениците од одделенска настава започнуваше во 7.30 часот и завршуваше во 12.35. Втора смена за учениците од одделенска настава почнуваше во 13.00 часот и завршуваше во 18.05. Прва смена за учениците од предметна настава почнуваше во 7.30 часот и завршуваше во 12.35. Втора смена за учениците од предметна настава започнуваше од 12.30 и завршуваше во 17.35 часот.

## 7.3. Јазик на кој се изведува наставата

Наставата во централното училиште се изведуваше на македонски наставен јазик,а во подрачното училиште наставата се изведуваше на албански наставен јазик.

| | Македонски јазик | Албански јазик |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **18** | **9** |
| **Број на ученици** | **336** | **156** |
| **Број на наставници** | **27** | **14** |

### 7.4. Проширена програма

Согласно протоколите за работа, училиштето реализираше проширена програма која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите од редовна настава и еден час по завршување на редовна настава, додатна и дополнителна настава, секции, вонраставни активности и вонучилишни активности.

Во учебната 2022/2023 година, во училиштето се згрижуваа ученици од I до III одделение. Прва смена почнуваше со работа од 7.30 часот до 13.30 часот, а втора смена од 11.00 часот до 17.00 часот. Учениците започнуваа со утрински вежби и појадок, а потоа следуваат едукативни активности. Втората смена започнуваше со ручек, решавање на домашните задачи, помош и поддршка за учениците кои имаат потешкотии во постигнувањето на поставените цели, а потоа се реализираа слободни активности. Активностите се реализираа преку игра, истражувачки активности, имплементирани се образовни и едукативни содржини, кои овозможуваат зголемување на знаењата и способностите на учениците. Истражувачките и физичките активности овозможија поголема соработка, поттикнување креативност и самодоверба кај сите деца. Со учениците се реализираа повеќе задачи: пишување домашна работа, решавање нумерички задачи, креирање решенија за текстуални задачи, анализа на реченици , раскажување и продолжување на даден текст, граматички вежби, пишување слободен состав, меморирање на стихотворби и рецитирање, гласно и изразно читање, истражување на Интернет, опишување, драматизирање, истражување.

Слободните активности се реализираа во училница, спортска сала, игри во училишниот двор и блиската околина. Учениците беа вклучени во спортски манифестации, еколошки и хуманитарни акции,креативни работилници. Посебно внимание се посветуваше на тимска и групна работа со учениците. Родителите редовно се информираа за сите планирани и реализирани активности во училиштето, постигањата и поведението на учениците. Соработката со родителитете овозможи подобрување на постигањата на учениците, условите за работа и престој.

Училиштето континуирано работеше на подобрување на условите за работа, опремување на целата просторија за адекватен и удобен престој на учениците, поголема грижа за здравјето на учениците преку разговори, предавања, работилници, игри за лична хигиена, хигиената во училиштето и училницата. Одговорен наставник за реализација на настава во продолжен престој е Валентина Ивановска. Наставата во продолжен престој се реализираше во согласност со МОН,БРО и Центарот за јавно здравје.

### 7.5. Комбинирани паралелки

Во ООУ „Јоаким Крчоски“ нема комбинирани паралелки.

### 7.6. Странски јазици што се изучуваат во ООУ „Јоаким Крчоски“, Волково

Сите ученици од I до IX одделение во централното и подрачното училиште го изучуваат англискиот јазик како прв странски јазик, односно 336 ученици во централното и 166 ученици во подрачното училиште. Учениците од VI до IX одделение го учат францускиот јазик како втор странски јазик и тоа 151 ученици во централното и 64 во подрачното училиште. Еден ученик од централното училиште по доаѓање во нашето училиште продолжи со учење на германски јазик, како втор странски јазик.

### 7.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2022/2023 година, наставата по физичко и здравствено образование во прво, второ, трето и четврто одделениние ја реализираа тандем наставници (наставник по физичко и здравствено образование Игор Анѓелески, Жаклина Милошевска и раководителите на паралелките). Наставници во прво одделение се: Катерина Петреска и Даница Павчевиќ, во второ одделение се Маја Тодоровска и Слаѓана Гаврилоска, во трето одделение се Слаѓана Смилчевска и Валентина Панчевска и во четврто одделение се Маја Петковска и Тања Ангелкоска. Во подрачното училиште наставник по физичко и здравствено образование е Мусли Азизи, а раководители на паралелките се: во прво одделение Имране Селмани, второ одделение Локман Мемеди, трето одделение Јашар Исмаили и четврто одделение Џељаљ Исаки.

### 7.8. Изборна настава

Пред крајот на учебна 2021/2022 година учениците и родителите индивидуално се определија за изучување на еден од понудените изборни предмети преку пополнување анкета.Изучувањето на предметот кој го интересира ученикот овозможува надградувања, продлабочување и систематизирање на знаењата од одредени подрачја на учениците, кои ќе им помогнат во насочување за одбирање на нивната идна професија. Резултатите од извршената анкета во нашето училиште се следниве:

| Изборни предмети кои се изучуваат во централното училиште | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Одделение | Изборен предмет | Име и презиме на наставник | Број на часови |
| 1. | IV | Заштита на животната средина<br>Образование за животни вештини | Маја Петковска, Тања Ангелкоска | 36<br>36 |
| 2. | V | Мултикултурни работилници<br>Заштита на животната средина | Сања Андевска, Јованка Костовска | 36<br>36 |
| 3. | VI | Запознавање со религиите | Силвана Савевска | 72 |
| 4. | VII | Проекти од музичка уметност | Катица Георгиева | 72 |
| 5. | VIII | Унапредување на здравјето | Славица Тренкоска | 72 |
| 6. | IX | Вештини на живеење | Маријана Дејкоска | 72 |
| **Изборни предмети кои се изучуваат во подрачното училиште** | | | | |
| 1. | IV | Оригами<br>Пиктурирање цртање скулптура | Емел Селмани<br>Џељаљ Исаки | 36<br>36 |
| 2. | V | Заштита на животната средина<br>Образование за животни вештини | Себије Мемети | 36<br>36 |
| 3. | VI | Етика на религиите | Рабије Мифтари | 72 |
| 4. | VII | Истражување на родниот крај | Нуран Исмаили | 72 |
| 5. | VIII | Унапредување на здравјето | Насер Азизи | 72 |
| 6. | IX | Нашата татковина | Рабије Мифтари | 72 |

## 7.9. Дополнителна настава

За учениците кои имаа потреба од дополнителна поддршка по определен наставен предмет се организираше дополнителна настава. Учениците посетуваа дополнителна настава по проценка на наставникот и во согласност и договор со родителот/старателот. Дополнителната настава се реализираше согласно потребите на ученикот и имаше за цел да го олесни процесот на совладување на одредени наставните содржини. За реализација на дополнителната настава предметниот наставник водеше евиденција и го известуваше родителот три дена пред нејзиното одржување. Дополнителната настава се организираше за учениците од прво до деветто одделение, кои во текот на редовната настава не ги постигнаа очекуваните резултати. Ученици за кои се организира дополнителна настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученици кои покажаа слаби резултати од учењето, ученици кои подолго време отсуствуваа од настава и ученици со потешкотии во учењето. Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно за најмногу три различни предмети одделно. Дополнителната настава на ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати, согласно наставната

програма. Наставникот реализира дополнителна настава придржувајќи се на наставната програма за конкретен наставен предмет, а согласно со потребите на ученикот. Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава, е по правило индивидуална/ индивидуализирана работа. Наставникот континуирано го следи напредокот на ученикот.

### 7.10. Додатна настава

За учениците кои постигнуваа значителни резултати по одделени наставни предмети и покажуваа посебен интерес за одделни теми/предмети се организираше додатна настава. Додатната настава имаше за цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата од одредена тема/област/предмет, поттикнување на интереси и способности на учениците. Наставникот ја понудува додатната настава на учениците и тие писмено во договор со родителот одлучуваат за нејзина посета. Додатната настава ја следат ученици од прво до деветто одделение и тоа: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици кои се пријавуваат за учество на натпревари. Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретен наставен предмет за кој покажал интерес ученикот, согласно програмата за работа, го контролира напредокот на ученикот, води педагошка евиденција. Наставникот има интерактивен пристап и користи активни методи на учење како што се: истражувачка активност, учење со откривање и решавање проблемски ситуации.

### 7.11. Работа со надарени и талентирани ученици

Во текот на учебна 2022/2023 се реализираа индивидуализирани програми за талентирани и надарени ученици и училишна Програма за работа со надарени и талентирани. Индивидуалните програми ги изготвуваа наставниците.Тие опфаќаа активности и задачи по предмет по кој ученикот има развиено талент, односно развиени една или повеќе способности со кои ги надминува способностите на своите врсници. Подготовките за натпревари и конкурси, збогатување на знаењата на учениците се дел од овие програми.

| Реализирана активност | Време | Реализатор | Форма | За кого е наменета | Постигната цел/ефект |
|---|---|---|---|---|---|
| Состанок на тимот и запознавање со активностите и програмата на Тимот за работа со талентирани и надарени | Октомври 2022 | Директор и Тим за работа со талентирани и надарени | Заедничка метода, дискусија, презентација, разговор | Тимот за работа со талентирани и надарени ученици | Информирани наставниците за специфики на талентирани и надарени ученици |
| Идентификување на талентирани и надарени ученици | Октомври -декември 2022 | Психолог, раководители на паралелка, родители, наставници | Заедничка метода, разговори, чек листи | Тимот за работа со талентирани и надарени ученици, талентирани и | Идентификувани талентирани и надарени ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | надарени ученици | |
| Процена на талентот односно способноста на ученикот | Декември 2022 | Психолог, родители, раководители на паралелка, наставници | Индивидуална метода, прашалници, тестови на способности | Тимот за работа со талентирани и надарени ученици, талентирани и надарени ученици | Извршена правилна проценка на талентот или надареноста на ученикот |
| Работа со ученикот-стимулирање на таленти, надареност. Поттикнување на самодоверба и поддршка на учениците | Во текот на учебна 2022/2023 | Тим за надарени и талентирани, наставници, стручна служба | Групна работа, индивидуална работа, насочени активности и вежби | Тимот за работа со талентирани и надарени ученици, талентирани и надарени ученици | Стимулирани таленти и надареност на учениците. Поттикнување самодоверба на учениците. Подготовка за натпревари |
| Водење на потрфолио за учениците | Во текот на учебна 2022/2023 | Тим за надарени и талетирани, раководители на паралелка, наставници, стручна служба | Индивидуална | Тимот за работа со талентирани и надарени ученици, талентирани и надарени ученици | Извршен увид за напредокот на ученикот. Дадени насоки за унапредување на начинот на работа и по потреба корекции на пристапот |

## 7.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Ученици со посебни потреби се ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни економски, културни или јазични средини. Наставните содржини од наставната програма се адаптираа според способностите, можностите и потребите на овие ученици. Индивидуализирани програми за секој ученик со ПОП беа изработени од Индивидуален тим во кој беа вклучени раководителот на паралелката, предметни наставници кои му предаваат на ученикот, стручната служба и родителите на ученикот. За успешна инклузија во училиштето за двајца ученици со ПОП ангажирни се образовни асистенти. Наставниците континуирано ги усовршуваа своите професионални компетенции за инклузија, изработка на ИОП или модифицирана програма и прилагодување на наставата според потребите и способностите на ученикот.

| Членови на инклузивен тим | |
|---|---|
| **Координатор** | Марија Петреска |
| **Заменик координатор** | Јасмина Стојановска |
| **Членови** | Ана Настова-родител<br>Јованка Костовска-родител |
| **Стручни соработници** | Директор-Елеонора Трајковска<br>Психолог-Гордана Несторовска<br>Специјален едукатор и рехабилитатор-Симона Лекоска |

Според способностите и специфичните потреби на секој ученик со посебни образовни потреби беше изготвен и реализиран индивидуален план за работа. Секој ученик е важен и ценет во инклузивниот тим. Инклузивното образование е најважен дел од училишниот развој. Целта е вклучување на учениците со ПОП во редовна настава, индивидуализирана поддршка на учениците со ПОП од страна на учениците, наставниците и стручната служба, зголемена активност и вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби во училиштето.

### 7.12.1. Реализација на програма за работа со ученици од ранлива категорија

Организација и реализација на работилници со учениците и нивните семејства од ранливите категории. Организација и реализација на работилници со учениците и нивните семејства од ранливите категории. Организација и реализација на работилници со учениците и нивните семејства од ранливите категории реализира психолог, стручна служба, одделенски раководители од училиштето.

| Реализирана активност | Форма | Реализатор | Време | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на наставниците за препознавање, идентификување и работа со ученици од ранлива/вуленрабилна категорија | Индивидуална работа, разговори, проективни техники | Стручна служба, одделенски раководители | Септември Октомври | Наставниците и раководителите на паралелки стекнаа вештини да ги препознаат учениците од ранливите категории |
| Формиран училишен тим за работа со ранлива група на ученици. | Состанок, групна работа | Тим за работа со ранлива група на ученици | Септември | Утврдени приоритети за тековната учебна година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евидентирани ученици од ранлива/вулнерабилна категорија | Индивидуална, групна, психолошки инструменти, разговор, дискусија | Тим за работа со ранлива група на ученици | Ноември Декември | Добиени информации за структурата и видот на вулнерабилноста кај учениците |
| Организација и реализација на работилници со учениците и нивните семејства од ранливите категории | Групна работа | Тим за работа со ученици од соц. ранливи категирии Стручна служба | Октомври Мај | Надминување на проблемите кај учениците |
| Следење и примена на различни техники и методи со цел подобрување на емоционалниот/социјалниот/когнитивнио статус на учениците. | Индивидуална, групна, психолошки инструменти, разговор, дискусија | Тим Стручна служба Наставници Раководит. на паралелка | Цела учебна година | Подобар статусот на учениците од вулнерабилна категорија |
| Евалуација на програмата за работа со ученици од ранливите категории | Состанок, групна работа | Тим Стручна служба Наставници Раководит. на паралелка | Јуни Август | Изработени индивидуални планови за работа со ученици од ранлива категорија. Подобри постигања, мотивација, самодоверба, емоциоонален, социјален и когнитивен статус на ученикот |

### 7.12.2. Извештај за работа со ученици со емоционални потешкотии

Психолог, раководители на паралелки, специјален едукатор и рехабилитатор и сите вработени континуирано работат на помош и поддршка на со ученици со емоционални потешкотии. Јакнење на социјализацијата на учениците со емоционални потешкотии, подобрена социјализација и комуникација, подобрени постигнувања, поголема самодоверба кај учениците.

### 7.12.3. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

Во училиштето беа идентификувани ученици од социјално загрозени семејства. За нив се посвети грижа од аспект на емоционална заштита на личноста на ученикот и обезбедување на материјална и финансиска помош.

Емоционалната заштита се оствaруваше со учениците (индивидуални или во рамките на заедницата на учениците) при што стручната служба реализираше работилници за разрешување стереотопи и предрасуди, заедништво и прифаќање.

За семејствата на учениците од социјално загрозени семејства, училиштето оранизираше акција за донирање на материјални и парични средства. Превземени се активности преку кои се:

- Доделени новогодишни пакетчиња за учениците со ПОП од невладината организација „Адра“
- Донирана помош (облека и обувки) за ученици од социјално загрозени семејства од Општина „Ѓорче Петров“
- Донирана храна и хигиенски производи за ученици од социјално ранлива категорија
- Донирана помош за ученици од ранлива категорија (ученици кои загубиле родител)
- Организирање хуманитарна акција за помош на ученик за лекување во странство

### 7.12.4. Извештај за превенција од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Цели и задачи за учениците беа:
-да стекнат свесност за негативните емоции кои водат кон насилно однесување
-да научат ефективно да комуницираат со цел спречување на насилното однесување
-правовремено реагирање на насилните однесувања и соодветен третман.

## 7.13. Туторска поддршка на учениците

Во учебната 2022/2023 година не е реализирана соработка и не постои заинтересираност кај факултетите или студентите за реализација на туторска поддршка на учениците.

## 7.14 . План на образовниот медијатор

Образовен медијатор се ангажира за ученици кои потекнуваат од социјално депримирани средини и за ученици кои се надвор од воспитно-образовниот систем. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до МОН.

# 8. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воспитно-образовниот процес претставува целина, во која подеднакво важна и значајна улога играат и наставните, како и вонанаставните активности во училиштето. За таа цел, во рамките на воспитно-образовниот процес во учебната 2022/2023 год. се организираа разновидни вонаставни активности во согласност со интересите и развојот на учениците, а со цел училиштето да стане привлечна и продуктивна средина за правилен социјален и личен развој на учениците. Во училиштето се реализираа повеќе видови воннаставни активности кои беа краткотрајни, какви што се: акциите и излетите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што беа: еколошките клубови, спортските клубови, училишниот хор и оркестар.

Воннаставните активности се подрачје за кое ученикот покажува интерес, ги развива своите вештини, ставови и знаења на креативен начин. Реализицијата на воннаставни активности ја подобруваат и осовременуваат наставата, соработката во услови на рамноправни односи, самоиницијативност и тимска работа, креативност и одговорност. Учениците имаа можности да изградат позитивен став кон училишната средина и поттикнување мотивација за повисок училишен успех.

Во училиштето се реализираа повеќе видови активности и тоа:

- **Училишен спортски клуб**
- **Секции/Клубови**
- **Акции**

Учениците доброволно и по сопствен избор земаа учество во секоја од воннаставните активности ,а за тоа се води евиденција во дневникот на паралелката.

## 8.1 Училиштен спортски клуб

Нашето училиште се афирмираше преку голем број спортски активности и натпревари каде нашите ученици се вистински амбасадори. Училишниот спортски клуб, основан на 16.02.2015 година, функционира под раководство на наставникот по физичко и здравствено образование Силвана Миленковиќ (одговорен наставник на училишниот спортски клуб). Постоењето на училишниот спортски клуб е од особена важност поради поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско-рекреативните активности во училиштето. Неизбежно е и развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи, како и грижа за здравствената заштита на спортските членови на клубот. Училишниот спортски клуб го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот, помага во стручно усовршување на наставниците и тренери на спортските секции, овозможува соработка со други училишни клубови и врши пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко. Некои од конкретните цели во работата на нашиот училиштен

спортски клуб се: подобрување на општата моторичка способност кај учениците, развивање на спортски дух, применување на фер-игра, подобрување на координација и организација во просторот, подобрување на физичка кондиција и развој и правилен развој на телото кај учениците.

Нашиот училишен спортски клуб учествуваше со неколку видови спортови, и тоа: кошарка, ракомет, одбојка и футсал. Во клубот членуваа сите ученици, по сопствен избор, од I до IX одделение. Се настапуваше и соработуваше со други училишни клубови на разни турнири, настапи и општински натпревари. На почетокот на учебната година им беше понудена програмата за работа на училишната спортска селекција на сите ученици преку презентација и делење флаери по што имаа можат да се зачленат сите заинтересирани ученици. Финансирањето за училишниот спортски клуб се врши преку донации, како и со финансиска помош од страна на Федерацијата за спорт на РС Македонија (ФУСМАК). Тимот за следење на реализацијата и евалуацијата на училишниот спортски тим редовно ја следеше неговата работа.

| **Видови спорт** | **Време на реализација** | **Опфатеност на ученици** | **Одговорни наставници** | Неопходни дидктички средства и материјали/ ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Футсал | вторник и четврток<br>во тек на учебната година | I до IX одделение | Игор Анѓелески | Спортска опрема и реквизити |
| Кошарка | вторник и четврток<br>во тек на учебната година | I до IX одделение | Игор Анѓелески | |
| Одбојка | понеделник и среда<br>во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ | |
| Ракомет | понеделник и среда<br>во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ | |

## 8.2 Секции/Клубови

Секциите се подолготрајни наставни активности кои се реализираа еднаш до двапати неделно во текот на цела учебна година. Во рамки на секциите/клубовите училиштето нуди изборни предмети кои произлегуваа од пројавените интереси на учениците и истовремено ги зема предвид можностите на наставниот кадар што работи во училиштето и на ресурсите со кои располага училиштето. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители или волонтери од заедницата. Целта на работата на секциите/клубовите е проширување и продлабочување на содржините од наставните предмети/области кои ги водат наставници од соодветни предмети/области.

### 8.3 Акции

Акциите може да се реализираат во самото училиште, но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од училиштето (пример: акција за чистење во пошироката околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството, посетување и помагање на стари лица или лица со попреченост во соседството итн.). Акциите ги иницираше раководниот, наставниот, стручниот кадар и ученичките тела во училиштето. За нивно планирање, организирање и реализирање е одговорно училиштето. Преку учество во акции од еколошки или хуманитарен карактер, учениците се учат на доброволна и општествено-корисна работа и ги развиваат своите лични и социјални компетенции. Во тимот за следење на акции со вклучени претставници од Совет на родители,Ана Настова, Тања Анѓелкоска, Филип Гиноски, Џељаљ Исаки.

## 9. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Во учебната 2022/2023 година, учениците во нашето училиште беа вклучени на различни начини и нивоа на одлучување за прашања и теми кои ги засегаа во училиштето. Тие партиципираа во скоро сите домени од училишното живеење, поврзани со наставата, вonнаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните, физичките услови во училиштето и слично. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаа право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното образование, учениците се организираа во заедница на паралелка и ученички парламент.

**ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКА**

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката со задача да одлучуваат за прашања поврзани со успехот, учењето, престојот во училиште, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведе последната недела од септември 2022 година. Секоја заедница избра претседател, заменик – претседател, постојани тела и повремени тела.

Секој ученик, освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата, доброволно се определи во кое тело сака да биде член. Улогата на постојаните тела во заедницата на паралелката беше да учествуваа во планирањето и организирањето на разни прослави и манифестации, екскурзии, собирање прилози и други хуманитарни активности, еколошки активности, спорт и друго кои се реализираа во текот на целата учебна година. Повремените тела во заедницата

на паралелката се формираа по потреба за различни прашања, како на пример помагање на ученик во учење, разрешување на актуелен проблем и слично. На првиот состанок тие изготвија план за работа кој се однесуваше на периодот од една учебна година. Претседателот свикуваше по еден состанок во месецот на кој се разгледуваа тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, се разговараше за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа и се договараа идни активности во согласност со потребите на учениците.

**УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ**

Ученичкиот парламент, составен од претставници од сите паралелки од предметна настава и одговорни раководители (Гордана Несторовска, за централно училиште и Јусрен Селмани, за подрачно училиште), работеше активно во текот на учебната 2022/2023 година. На првата седница на Ученичкиот парламент присуствуваа претставници од сите паралелки од VI до IX одделение, како и училишниот психолог Гордана Несторовска која ја објасни постапката за објавување оглас за избор на Претседател на Ученички парламент, како и начинот и постапката за аплицирање. Учениците покажаа интерес за вклучување во процесот и по неговото завршување беа прогласени Мила Павловиќ за претседател на Ученички парламент, Јована Јовановска за заменик, Михаела Робева за секретар и Јана Јовановска за записничар.

Претставниците на Ученичкиот парламент соработуваа со одделенските раководители, директорот на училиштето, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, како и со родителите. Парламентот од ученици функционираше на ниво на заедница, на ниво на училиште и на паралелка.Секоја паралелка избра свое раководство кое потоа ја изготви програмата за работа.

На состаноците на ученичкиот парламент се разгледуваа прашања и проблеми од секојдневието на учениците, проблеми во наставата, потешкотии во совладување на материјалот, подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците. Ученичкиот парламент се вклучи во подготовка на квизови, натпревари, работилници и активности за организирано користење на слободното време.

Претставниците на Ученичкиот парламент од сите паралелки реализираа редовни средби со директорот, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор и одговорните наставници на кои што се разгледуваа сите прашања што ги засегаа учениците. Ученичкиот парламент организираше хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици и активности за помош на децата со посебни потреби.Активно учествуваше во Новогодишната забава како и Ден без училишни ранци.

**УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ**

На почетокот на учебната 2022/2023 година беше организиран избор за Ученик правобранител и ученик -заменик правобранител. По претставување на сите кандидати и презентирање на нивните идеи за работа, а по пат на тајно гласање од страна на мнозинството од учениците од VII до IX одделение, беа избрани Борјана Тодоровска од VIII$^1$ за Ученик правобранител и Ангела Цветковска од VIII$^1$ за Ученик заменик- правобранител.

Ученичкиот правобранител учествуваше во состаноците на Ученичкиот парламент и даваше извештаи за активностите планирани со програмата за работа на ученичкиот правобранител.

Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици беше промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права. Задачата промовирање на детските права ученичкиот правобранител ги реализираше преку дебати, информативни настани, со цел промовирање на детските права во соработка со тимот за поддршка на ученичкото организирање и стручната служба. Ученичкиот правобранител соработуваше со стручната служба во училиштето, препознаваше кршење на детските права и истото го пријавуваше до директорот на училиштето.

## 10. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

ООУ „Јоаким Крчоски“, Волково, Општина Ѓорче Петров во учебната 2022/2023 година реализираше излет со учениците од централното и излет со учениците од подрачното училиште и тоа:

**1. Еднодневен излет на учениците од I до IX одделение од централното училиште, на 10.10.2022 година, во местото „Св. 40 Маченици“, во близина на с.Орман-Скопје.**

**Цели на излетот**

- Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
- Разгледување на манастирот, запознавање со природните убавини на овој крај.

**Задачи на излетот:**

- Развивање на позитивен однос и запознавање на овој локалитет;
- Поттикнување на позитивни ставови кон другарство, спортувањето, толеранција и мултикултурализам;
- Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.

**Содржини и активности:**

Поаѓањето беше во 8.30 часот од училиштето до манастирот ,,Св.40 Маченици“ во село Орман. До местото се одеше пешки,а потоа следуваше слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето беше околу 14 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше наставникот Игор Анѓелески. Излетот се реализираше во соработка со наставници кои предаваа во паралелките од I до IX одделение кои се грижеа околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за некој проблем и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постинати ефекти од излетот**:

- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитетите во Република Северна Македонија.

2. **Еднодневен излет на учениците од I до IX одделение од подрачното училиште на 10.10.2022 на местото „Шамак“, во близина на с.Никиштани**

**Цели на излетот:**
- Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
- Разгледување на местото Шамак, запознавање со условите за природните убавини во овој крај.

**Задачи на излетот:**
- Развивање позитивен однос и запознавање на локалитетот;
- Поттикнување позитивни ставови за другарство, толеранција и мултикултурализам;
- Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.

**Содржини и активности:**

Поаѓање на 10.10.2022 во 8:30 часот од училиштето до Шамак, Никиштани. Со пешачење учениците и наставниците пристигнаа до локалитетот Шамак. По пристигнувањето на учениците следуваше слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето беше околу 15 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше помошник -директорот на училиштето Јусрен Селмани. Излетот се реализираше во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение кои се грижеа околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постинати ефекти од излетот:**
- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитети во Република Северна Македонија.

**3. Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение од централното училиште**

-Со учениците од VI одделение од централното училиште во Волково беше изведена дводневна екскурзија

**Цели на екскурзијата:**

- Проширување на знаењата по предметите македонски јазик,географија,историја и ликовно образование
- Запознавање со културата,животот,работата и традицијата на локалното население во посетените краеви
- Другарување и развивање позитивни емоции,толеранција,грижа за себе и другите.

**Задачи на екскурзијата:**

- Стекнување научни знаења и формирање критички ставови
- Развивање интерес за посета на верски објекти и културно-историски споменици
- Чување на природата со примена на еколошки навики,одговорност,точност и уредност.

**Содржини и активности:**

На 03 и 04.04.2023 година се реализираше дводневна екскурзија за учениците од VI одделение со одделенските раководители од ООУ,,Јоаким Крчоски” -Волково на релација Скопје-Велес- Крушево-Битола-Охрид-Скопје.

Прв ден-Поаѓање од пред училиштето во 7.30 часот. Групата се упати во Велес каде што покрај панорамското разгледување на градот беше посетена и спомен куќата на Кочо Рацин. Потоа се продолжи кон Крушево каде што беше посетен и музејот на Тоше Проески каде што учениците имаа стручно предавање за неговиот живот и дело.Од Крушево групата се упати кон археолошкиот локалитет – Хераклеа во Битола. Патувањето продолжи за Охрид преку градот Ресен.Во попладневните часови групата пристигна во Охрид и се смести во хотел Престол.Вечерата ја заокружија со забава во самиот хотел. Вториот ден после појадок во хотелот учениците ја посетија црквата Св.Јован Канео,Плаошник,Самоиловата тврдина и направија прошетка низ градот Охрид. Ручекот беше организиран во хотелот каде што престојуваа и во попладневните часови со автобусот се упатија кон Скопје преку Кичево. Пристигнувањето беше во 18.30 часот во Волково.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше наставникот Кире Николовски кој воедно е одделенски раководител на VI[2] одделение како и одделенскиот раководител на VI[1] одделение Славица Тренкоска.Тие беа одговорни за организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетите и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постигнати ефекти од екскурзијата:**

- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитети во Република Северна Македонија.

**4. Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение од централното училиште**

**Цели на екскурзијата:**

- Проширување на знаењата по предметите македонски јазик, географија,историја и ликовно образование
- Запознавање со културата,животот,работата и традицијата на локалното население во посетените краеви
- Другарување и развивање позитивни емоции,толеранција,грижа за себе и другите.

**Задачи на екскурзијата:**

- Стекнување научни знаења и формирање критички ставови
- Развивање интерес за посета на верски објекти и културно-историски споменици
- Чување на природата со примена на еколошки навики,одговорност,точност и уредност

**Содржини и активности:**

На 03,04 и 05.04.2023 година се реализираше тридневна екскурзија за учениците од IX одделение со одделенските раководители на релација Скопје-Велес- Крушево-Битола-Охрид-Скопје.

Прв ден-Поаѓањето беше пред училиштето во 7.30 часот. Групата се упати во Велес каде што покрај панорамското разгледување на градот беше посетена и спомен-куќата на Кочо Рацин. Потоа се продолжи кон Крушево каде што беше посетен и музејот на Тоше Проески каде учениците имаа стручно предавање за неговиот живот и дела.Од Крушево групата го посети археолошкиот локалитет – Хераклеа во Битола. Патувањето продолжи за Охрид преку градот Ресен.Во попладневните часови пристигнаа во Охрид и се сместија во хотел Престол.Вечерата ја заокружија со забава во самиот хотел. Вториот ден после појадокот во хотелот учениците ја посетија црквата св.јован Канео,Плаошник,Самоиловата тврдина и направија прошетка низ градот Охрид. После ручекот учениците се упатија во посета на св.Наум,враќање во хотелот и вечера.Третиот ден учениците појадуваа во истиот хотел и се упатија на прошетка низ градот Охрид. Ручекот беше организиран во истиот хотел а во попладневните часови учениците се упатија во посета на вевчанските извори и природно-научниот музеј во Струга. Групата кон Скопје патуваше преку Кичево.Пристигнаа во 19.15 во Волково.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше наставникот Борјанка Стојчевска кој воедно е одделенски раководител на IX[2] одделение како и одделенскиот раководител на IX[1] одделение Љупка Христова се грижеа околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетите и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постигнати ефекти од екскурзијата:**

- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитети во Република Северна Македонија.

**5.Еднодневен излет за учениците од I-IX одделение од централното училиште во месноста Горјани,црква Св.Никита во Скопска Црна Гора.**

**Цели на излетот**

- Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
  Разгледување на манастирот, запознавање со природните убавини во овој крај.

**Задачи на излетот:**
- Развивање позитивен однос и запознавање на локалитетот;
- Поттикнување позитивни ставови за другарството, спортувањето, толеранција и мултикултурализам;
- Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.

**Содржини и активности:**

Поаѓање на 07.06.2023 во 8:30 часот од училиштето до манастирот ,,Св.Никита “ во месноста Горјани,Скопска Црна Гора. Учениците и целиот наставнички персонал од централното училиште со автобуси се упатија кон манастирот Св.Никита каде што имаа заеднички активности ,дружење и рекреација.Враќањето беше околу 13 часот до училиштето од каде со училишните автобуси организирано се упатија кон своите домови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше Силвана Миленковиќ наставник по физичкои здравствено образование. Излетот се реализираше во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение кои се грижеа околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постинати ефекти од излетот:**
- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитети во Република Северна Македонија.

**6. Еднодневен излет на учениците од I до IX одделение од подрачното училиште во Никиштани во излетничкото место Сарај.**

**Цели на излетот:**
- Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
- Разгледување на местото Сарај, запознавање со природните убавини во овој крај.

**Задачи на излетот:**

- Развивање позитивен однос и запознавање на локалитетот;
- Поттикнување позитивни ставови за другарство, толеранција и мултикултурализам;
- Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.

**Содржини и активности:**

Поаѓање на 07.06.2023 во 8:30 часот од училиштето до излетничкото место Сарај. Со организиран превоз учениците и наставниците пристигнаа до локалитетот Сарај. По пристигнувањето на учениците следуваше слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето беше околу 14 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот беше помошник -директорот на училиштето Јусрен Селмани. Излетот се реализираше во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение кои се грижеа околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на излетот и наставниците, да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Постинати ефекти од излетот:**

- Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на природни локалитети во Република Северна Македонија.

## 11. НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на учебната 2022/2023 година се организираа натпревари за вреднување на знаења, умеења, вештини и способности на учениците по одделен наставен предмет. Содржината на натпреварите беше соодветна на возраста на учениците и се темелеше на наставниот план и наставната програма за основно образование.

**Цели на натпреварите:**

- Вреднување на нивоата на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- Рангирање според постигањата на учениците;

- Откривање на учениците кои се надарени или талентирани за одредена област;
- Збогатување на наставниот процес со проширени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети;
- Подобрување на квалитетот на образованието;
- Поттикнување на натпреварувачки дух, тимска работа и развивање толеранција кај учениците.

Ученичките натпревари беа организирани според Протоколот за ученички натпревари.

## 12. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Нашето училиште континуирано работи на зближување на учениците, почитување на различностите и промоција на мултикултурализмот. Во учебната 2022/2023 година  продолжи соработката помеѓу централното и подрачното училиште (во кое се изведува настава на албански наставен јазик). Беа реализирани активности во кои учествуваа ученици од мешан етнички состав. Исто така во рамки на одделенските часови беа реализирани активности со содржини од меѓуетничка интеграција.

## 13. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2022/2023 година во ООУ„Јоаким Крчоски“ се реализираа следниве проекти:

„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“,
„Со читање до лидерство“,
„Контроверзни прашања во наставата“
„ Училишта на 21 век “
„Соработка за зелена иднина“ – Еразмус+

**Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“** имаше за цел да воспостави вредносен систем, преку кој ќе се измени сегашниот начин на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава. Наставниот предмет граѓанско образование дава голема можност за проширување на знаењата на учениците со вонаставни активности.

Цели на проектот беа:запознавање со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност,толкување на изразот „одолевање на социјален притисок“, препознавање на видовите корупција како и откривање на начините за спречување и заштита од овој вид негативна појава.

Со програмата се овозможи учениците полесно да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството,да ја разберат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и да ги откријат механизмите преку кои таа делува.

Реализатори на програмата беше Љупка Христова – наставник по граѓанско образование која ги реализираше работилниците со учениците од IX одделение и Гордана Несторовска – училишен психолог која ги спроведе тестирањата на учениците од IX одделение.

**Проектот ,,Со читање до лидерство"** имаше за цел да го развие критичкото мислење кај учениците во насока на усвојување и зацврстување на навиките за читање со разбирање и подобрување на раната јазична писменост кај учениците.

Остварени цели: се зацврсти способноста на учениците за читање со разбирање на прочитаниот текст, самостојно се поставуваа и полесно се одговараа прашања во врска со даден текст.

Носители и реализатори на проектот,,Со читање до лидерство" беа наставниците од трето одделение :Валентина Панчевска,Слаѓана Смилчевска, Валентина Ивановска и библиотекар Босилка Симоноска-Донева.

**Проектот „Контроверзни прашања во училишната програма** – развивање ефективни практики и пристапи во наставата“Наставниците правилно ги насочуваа и ги поттикнуваа учениците слободно да ги изнесуваат своите ставови и размислувања,но и да ги почитуваат и мислењата на другите ,да умеат да сослушаат и да бидат толерантни.Учениците слободно поставуваа прашања ,дебатираа ,даваа свои предлози и решенија за ,,проблематичните"теми со кои се соочуваа.

**Проектот „Училишта на 21-от век“**, реализиран од страна на Британски совет во соработка со МОН имаше цел самонасочено размислување кое создава нови и иновативни идеи и решавање проблеми, критичко анализирање на искуствата од учењето и процесите, носење ефективни одлуки, да се добие повеќе практично знаење во делот за кодирање и да се добијат идеи за да се подобрат наставните часови како и подобрување на дигиталните вештини на учениците на возраст од 11 до 15 години.

**Проектот „Соработка за зелена иднина“ Erasmus 2022-1-IT02-KA21-SCH-000080829 „Collaboration for green future**“ – има за цел поттикнување на еколошката свест, унапредување на еколошките навики за зачувување на планетата Земја од загадување, унапредување на информатичките и јазичните вештини на наставниот кадар и учениците.

Со овој проект се предвидува да се унапредат сфаќањата на учениците,наставниците и воопшто сите луѓе од нашата средина во поглед на:правилно селектирање на отпадот, намалување на јаглеродниот отпечаток и заштита на воздухот и водата од загадување. На тој начин сите ние,секој на свој начин ќе придонесеме за зачувување на животната средина.
Предвидено е активностите од проектот да се реализираат во текот на редовните часови и на вонаставните активности.
Носители ќе бидат сите наставници и ученици во централното училиште.

## 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

На крајот од учебната 2022/2023 година учениците од I до III одделение се оценети описно, а учениците од IV до IX одделение се оценети нумерички. Училиштето ги анализираше постигањата на учениците според наставен јазик, пол и етничка припадност и оваа детална анализа е дел од училишната документација.

Стручната служба континуирано ги следеше и анализираше податоците за постигањата на сите ученици преку квалитативна и квантитативна анализа, статистичка обработка на податоците и изготви извештаи со препораки за подобрување на постигањата и помош на учениците кои послабо напредуваа. При следење на напредокот и постигањата на учениците особено внимание се посветуваше на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои имаа здравствени проблеми, надарените и учениците со потешкотии во учењето.

Училишниот Инклузивен Тим (УИТ) реализираше работни средби со претставници на Индивидуалните тимови за ученици со посебни потреби (ИТУ) на кои беа направени анализи на напредокот на учениците со ПОП и постигнување на целите од изготвениот ИОП. За учениците со ПОП кои не ги постигнаа целите планирани со индивидуалниот образовен план или напредуваа побрзо од планираното се прави ревизија на ИОП и целите беа прилагодени според потребите и можностите на ученикот.

Училишниот психолог согласно Правилникот за советување родители, здравствените протоколи и утврдените потреби реализираше советувања за родители на учениците со намален училишен успех, несоодветно однесување и разговори со родители на учениците кои нередовно ја следеа наставата или имаа неоправдани изостаноци.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор реализираше индивидуални вежби и поддршка на учениците за постигнување на целите за секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Специјалниот едукатор и рехабилитатор беше во постојана комуникација со двајцата образовни асистенти на учениците со посебни образовни потреби и заедно со наставниците кои им предаваа на овие ученици се ангажираше за обезбедување материјали и услови за нивен напредок.

**Анализа на постигнувањата на учениците кои се оценуваат описно:**

| Постигнување на учениците кои се оценуваат описно прво полугодие учебна 2022/2023 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одд | Македонски наставен јазик | | | | | | одд | Албански наставен јазик | | | | | |
| | вкупно ученици | Целосно ги постигнува целите | Во голем дел ги постигнува целите | Делумно постигнува цели | Минимални ги постигнува целите | Не ги постигнува целите | | вкупно ученици | Целосно ги постигнува целите | Во голем дел ги постигнува целите | Делумно постигнува цели | Минимални ги постигнува целите | Не ги постигнува целите |
| I | 39 | 20 | 7 | 6 | 3 | 3 | I | 15 | 14 | 1 | | | |
| II | 42 | 19 | 10 | 8 | 5 | 0 | II | 21 | 13 | 6 | 2 | | |
| III | 33 | 13 | 10 | 7 | 3 | 0 | III | 19 | 11 | 6 | 2 | | |
| Вкупно | 114 | 52 | 27 | 21 | 11 | 3 | Вкупно | 55 | 38 | 13 | 4 | 0 | 0 |
| % | | 45.61 | 23.68 | 18.43 | 9.65 | 2.63 | % | | 69.09 | 23.64 | 7.27 | 0 | 0 |

Статистичката обработка на податоците за постигнување на учениците утврди дека најголем дел од учениците кои се оценуваат описно имаа високи постигнувања, со голем успех напредуваа во совладување на наставните содржини во сите предмети. Во централното училиште со настава на македонски јазик вкупно 45.61 % ученици целосно ги постигнаа целите по сите предмети и успешно напредуваа во совладување на наставните содржини, 23.68 % ученици во голем дел ги постигнаа целите, 18.43% ученици делумно ги постигнаа целите во поголем број предмети, 9.65 % ученици минимално ги постигнаа целите и 2.63% ученици недоволно ги постигнаа целите по поголем број наставни предмети, напредуваат со потешкотии и потребна им е помош во совладување на наставните содржини.

Во подрачното училиште со настава на албански јазик вкупно 69.09 % ученици целосно ги постигаа целите по сите предмети и успешно напредуваа во совладување на наставните содржини, 23.64 % ученици во голем дел ги постигнаа целите, 7.27 % ученици делумно ги постигнаа целите во поголем број предмети, 0 ученици минимално ги постигнаа целите и 0 ученици недоволно ги постигнаа целите по поголем број наставни предмети.

Учениците од прво одделение успешно се социјализирани и се прилагодија на наставата и училишната средина.

**Анализа на постигнувањата на учениците кои се оценуваат нумерички:**
**Општ успех на учениците на крајот од**
**учебната 2022/2023 година на македонски наставен јазик**

| Одд. | | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | | 39 | 42 | 33 | 33 | 37 | 184 | 37 | 43 | 32 | 40 | 152 | 336 |
| Нумерички оценети | | | | | 33 | 37 | 70 | 37 | 43 | 32 | 40 | 152 | 222 |
| Описно оценети | | 39 | 42 | 33 | | | 114 | | | | | | 114 |
| Одлични | бр | | | | 23 | 29 | 52 | 25 | 23 | 15 | 22 | 85 | 137 |
| | % | | | | 76.67 | 78.38 | 74.30 | 67.57 | 53.49 | 46.87 | 55.00 | 55.92 | 61.71 |
| Мн. Добри | бр | | | | 10 | 8 | 18 | 10 | 13 | 8 | 14 | 45 | 63 |
| | % | | | | 23.33 | 21.62 | 25.70 | 27.03 | 30.23 | 25.00 | 35.00 | 29.60 | 28.38 |
| Добри | бр | | | | | | | 2 | 7 | 8 | 4 | 21 | 21 |
| | % | | | | | | | 5.40 | 16.28 | 25.00 | 10.00 | 13.81 | 9.46 |
| Доволни | | | | | | | | | | 1 | | 1 | 1 |
| | % | | | | | | | | | 3.13 | | 0.67 | 0.45 |
| Вкупно | бр | | | | 33 | 37 | 70 | 37 | 43 | 32 | 40 | 152 | 222 |
| | % | | | | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Со 1 слаба | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Со 2 Слаби | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Со 3 и повеќе слаби | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Неоценети | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| % | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно неоценети и слаби | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| % | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Среден успех | | | | | 4.70 | 4.77 | 4.74 | 4.62 | 4.37 | 4.16 | 4.45 | 4.41 | 4.51 |

| | Споредба на општ училишен успех за три учебни години<br>Настава на македонски наставен јазик – централно училиште | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Просек на училиште** |
| **2020/2021** | **4.56** | **4.63** | **4.28** | **4.19** | **4.22** | **4.35** | **4.38** |
| **2021/2022** | **4.77** | **4.64** | **4.25** | **4.36** | **4.13** | **4.38** | **4.28** |
| 2022/2023 | 4.70 | 4.77 | 4.62 | 4.37 | 4.16 | 4.45 | 4.51 |

Во централното училиште со настава на македонски јазик средниот општ успех на учениците од IV до IX одделение изнесува 4.51. Во споредба со минатата учебна година 2021/2022 и учебната 2020/2021 успехот бележи благ пораст (од 4.38 и 4.28 на 4.51). Средниот општ успех на учениците од IV до IX одделение од централното училиште иако бележи мали статистички незначајни разлики, е на приближно исто ниво со претходните две учебни години

**Општ успех на учениците на крај од**

**учебна 2022/2023 година на албански наставен јазик**

| Одд. | | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно ученици** | | 15 | 21 | 19 | 23 | 14 | 92 | 15 | 20 | 17 | 12 | 64 | 156 |
| **Нумерички оценети** | | | | | 23 | 14 | 37 | 15 | 20 | 17 | 12 | 64 | 101 |
| **Описно оценети** | | 15 | 21 | 19 | | | 55 | | / | / | / | | 55 |
| **Одлични** | бр | | | | 16 | 9 | 25 | 7 | 7 | 5 | 6 | 25 | 50 |
| | % | | | | 69.57 | 64.28 | 67.57 | 46.66 | 35.00 | 29.41 | 50.00 | 39.06 | 49.50 |
| **Мн. Добри** | бр | | | | 5 | 4 | 9 | 4 | 4 | 4 | 4 | 16 | 25 |
| | % | | | | 21.74 | 28.58 | 24.32 | 26.67 | 20.00 | 23.53 | 33.33 | 25.00 | 24.75 |
| **Добри** | бр | | | | 2 | 1 | 3 | 4 | 9 | 8 | 2 | 23 | 26 |
| | % | | | | 8.69 | 7.14 | 8.11 | 26.67 | 45.00 | 47.06 | 16.67 | 35.94 | 25.75 |
| **Доволни** | | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | бр | | | | 23 | 14 | 37 | 15 | 20 | 17 | 12 | 61 | 101 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | | | | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Со 1 слаба | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Со 2 Слаби | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Со 3 и повеќе слаби | бр | | | | | | | | | | | | |
| | % | | | | | | | | | | | | |
| Неоценети | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| % | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно неоценети и слаби | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| % | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Среден успех | | | | | 4.61 | 4.57 | 4.59 | 4.20 | 3.90 | 3.83 | 4.33 | 4.03 | 4.24 |

**Споредба на општ училишен успех за три учебни години**
**Настава на албански наставен јазик – подрачно училиште**

| | Споредба на општ училишен успех за три учебни години<br>Настава на албански наставен јазик – подрачно училиште | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Просек на училиште |
| 2020/2021 | 3.74 | 4.53 | 4.09 | 4.36 | 4.43 | 4.38 | 4.45 |
| 2021/2022 | 4.50 | 4.66 | 4.30 | 4.35 | 4.25 | 4.47 | 4.42 |
| 2022/2023 | 4.61 | 4.58 | 4.20 | 3.90 | 3.83 | 4.33 | 4.24 |

Во подрачното училиште со настава на албански јазик се воочува мал пад на средниот успех на учениците од IV до IX одделение од 4.45 постигнат во учебната 2020/2021 и 4.42 во учебната 2021/2022 на 4.24 постигнат во оваа учебна година. Успехот на учениците од подрачното училиште покажува варијации но разликите не се статистички значајни.

Статистичка анализа на успехот на учениците во централното и подрачното училиште укажува на минимални статистички незначајни разлики во однос на претходните две учебни години. Констатираниот висок успех на учениците во централното (4.51) и подрачното училиште (4.24) се резултат на реализација на современа настава, почитување на интересите и потребите на учениците и квалитетна реализација на дополнителната настава (на која присуствуваа ученици со слаб успех, ученици кои биле подолго отсутни поради болест и ученици со позитивни оцени на кои наставниците им помагаа во совладување на потешки делови од материјалот). Училиштето настојува учениците да усвојат знаења применливи во

секојдневниот живот и повисоки нивоа на знаења кои ќе им овозможат вертикална проодност во средните училишта. Редовно се следеше и анализираше напредокот и постигнувањата на учениците од централното и подрачното училиште и тие анализи се дел од училишната документација.

Училиштето го следи напредокот и постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои подолго отсуствуваат од настава, надарените и учениците со потешкотии во учењето. Училишниот психолог континуирано реализираше индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Училишниот специјален едукатор и рехабилитатор ги детектираше учениците со потешкотии и со посебни потреби, реализираше индивидуални вежби, помагаше и даваше допринос за постигнување на целите на секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП.

Детални статистички анализи на успехот на учениците од IV до IX одделение по пол, предмети и национална структура се приложени како прилог на овој Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2022/2023 година.

**РЕДОВНОСТ ВО НАСТАВАТА**
**ИЗОСТАНОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Изостаноци на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Македонски наставен јазик | | | Албански наставен јазик | | |
| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
| I | 1716 | 0 | 1716 | 84 | 0 | 84 |
| II | 1402 | 0 | 1402 | 196 | 0 | 196 |
| III | 1381 | 0 | 1381 | 187 | 0 | 187 |
| IV | 798 | 0 | 798 | 168 | 4 | 172 |
| V | 1197 | 0 | 1197 | 541 | 0 | 541 |
| VI | 1414 | 12 | 1426 | 64 | 9 | 73 |
| VII | 1898 | 28 | 1926 | 75 | 35 | 110 |
| VIII | 1758 | 13 | 1771 | 341 | 5 | 346 |
| IX | 2421 | 28 | 2449 | 243 | 0 | 243 |
| Вкупно | 13985 | 81 | 14066 | 1899 | 53 | 1952 |
| По ученик | 41.62 | 0.24 | 41.86 | 12.17 | 0.34 | 12.51 |

**Анализа на изостаноци на учениците од централното училиште**

| | Број на изостаноци по учебни години во централното училиште | | |
|---|---|---|---|
| | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
| Оправдани | 3480 | 8651 | 13985 |
| Просек по ученик | 10.08 | 24,23 | 41.62 |
| Неоправдани | 57 | 139 | 81 |
| Просек по ученик | 0.16 | 0,12 | 0.24 |
| Вкупно | 3537 | 8790 | 14066 |
| Просек по ученик | 10.25 | 24,35 | 41.86 |

Во централното училиште се забележува голем пораст на бројот на оправдани изостаноци во однос на претходните две учебни – од 10.08 оправдани изостаноци по ученик во учебната 2020/2021 година и 24.03 во учебната 2021/2022 година на 41.62 оправдани изостаноци по ученик во учебната 2022/2023 година. Бројот на неоправданите изостаноци покажува минимален статистички незначаен пораст од 0.16 изостаноци по ученик во учебната 2020/2021 и 0.12 неоправдани изостаноци во учебната 2021/2022 година на 0.24 неоправдани изостаноци по ученик во учебната 2022/2023 година. Во однос на минатите две учебни години се забележува зголемување и на вкупниот број изостаноци од 10.25 во учебна 2020/2021 и 24.35 изостаноци во учебната 2021/2022 година на 41.86 изостаноци по ученик во оваа учебна година. Анализите покажаа дека ова значајно зголемување на бројот на оправдани изостаноци и вкупниот број на изостаноци е резултат на оправдани отсуства на голем број учениците поради болест. На учениците кои континуирано отсуствуваа поради здравствени и други проблеми им беше дадена континуирана поддршка од наставниот кадар и стручната служба.

**Анализа на изостаноци на учениците од подрачното училиште**

| | Број на изостаноци по учебни години во подрачното училиште | | |
|---|---|---|---|
| | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
| Оправдани | 2471 | 2092 | 1899 |
| Просек по ученик | 15.25 | 12.83 | 12.17 |
| Неоправдани | 6 | 6 | 53 |
| Просек по ученик | 0.04 | 0.04 | 0.34 |
| Вкупно | 2477 | 2098 | 1952 |
| Просек по ученик | 15.29 | 12.87 | 12.51 |

Бројот на неоправданите изостаноци во подрачното училиште покажува минимален статистички незначаен пораст од 0.04 изостаноци по ученик во учебната 2020/2021 и 0.04 неоправдани изостаноци во учебната 2021/2022 година на 0.34 неоправдани изостаноци по ученик во учебната 2022/2023 година. Оваа состојба на пораст на бројот на неоправдани изостаноци е резултат на изменет построг критериум за оправдување на изостаноците на учениците и одлука да не се оправдуваат оние изостаноци за кои не е најавено отсуство од родителот и не е доставена медицинска белешка за доказ.

Од статистичкиот преглед се забележува намалување на бројот на оправдани изостаноци во однос на претходните две учебни – од 15.25 оправдани изостаноци по ученик во учебната 2020/2021 година и 12.83 во учебната 2021/2022 година на 12.17 оправдани изостаноци по ученик во учебната 2022/2023 година. Исто така се забележува намалување на вкупниот број изостаноци од 15.29 изостанови во учебна 2020/2021 и 12.87 изостаноци во учебната 2021/2022 година на 12.51 изостаноци по ученик во оваа учебна година. Иако бројот на оправдани изостаноци се намалува, редовно се следи состојбата и се контактира со родителите за секое отсуство на учениците. Најчесто оправданите изостаноци се поради болест на учениците при тоа за сите ученици кои подолготрајно отсуствуваа поради здравствени и други причини проблеми им беше дадена континуирана поддршка.

## ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Поведение на учениците на крај од учебната 2022/2023 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Македонски наставен јазик | | | Албански наставен јазик | | |
| | Примерно | Добро | Незадоволително | Примерно | Добро | Незадоволително |
| I | 39 | / | / | 15 | / | / |
| II | 42 | / | / | 21 | / | / |
| III | 33 | / | / | 19 | / | / |
| IV | 33 | / | / | 23 | / | / |
| V | 37 | / | / | 14 | / | / |
| VI | 37 | / | / | 15 | / | / |
| VII | 43 | / | / | 20 | / | / |
| VIII | 32 | / | / | 17 | / | / |
| IX | 40 | / | / | 12 | / | / |
| Вк. | 336 | / | / | 156 | / | / |
| % | 100 | / | / | 100 | / | / |

Во централното училиште вкупно 336 (100% ) од учениците имаат примерно поведение. Во подрачното училиште вкупно 156 ученици (100%) имаат примерно поведение.

| **Поведение** | **Поведение на учениците по учебни години во централно училиште** | | |
|---|---|---|---|
| | **2020/2021** | **2021/2022** | **2022/2023** |
| **Примерно** | **345** | **356** | **336** |
| **Просек по ученик** | **100 %** | **99.72 %** | **100 %** |
| **Добро** | **0** | **1** | **0** |
| **Просек по ученик** | **0** | **0.28 %** | **0** |
| **Незадоволително** | **0** | **0** | **0** |
| **Просек по ученик** | **0** | **0** | **0** |

| **Поведение** | **Поведение на учениците по учебни години во подрачното училиште** | | |
|---|---|---|---|
| | **2020/2021** | **2021/2022** | **2022/2023** |
| **Примерно** | **162** | **163** | **156** |
| **Просек по ученик** | **100%** | **100%** | **100%** |
| **Добро** | **0** | **0** | **0** |
| **Просек по ученик** | **0** | **0** | **0** |
| **Незадоволително** | **0** | **0** | **0** |
| **Просек по ученик** | **0** | **0** | **0** |

Од статистичкиот преглед на поведението на учениците во централното училиште, се забележува зголемување на бројот на ученици со примерно поведение од 99.72 % на ученици со примерно поведение во учебната 2021/2022 година на 100% ученици со примерно поведение во учебната 2022/2023 година. Сметаме дека редовното следење на поведението, давање поддршка на учениците кои имаат проблем со дисциплината и доследна примена на Протокол за пријавување и заштита на ученик -жртва на насилство, допринесоа за намалување на насилството и подобрување на добросостојбата на учениците во училиштето.

Споредбата на поведението на учениците од подрачното училиште во последните три години е 100% ученици со примерно поведение на крајот од учебната година.

Целокупниот наставен кадар и стручната служба одговорно ги променија добиените насоки од МОН за подобрување на менталното здравје и добросостојбата на учениците по големите трауматски настани кои се случија во соседството и траумата се почувствува и кај учениците во училиштата во нашата држава.

Со учениците кои покажуваат несоодветно однесување е реализирана програма за советување ученици и родители и дадена им е психолошка поддршка за надминување на проблемот.

# 15. ОЦЕНУВАЊЕ

## 15.1.Тим за следење, анализа и поддршка

Во учебната 2022/2023 година учениците се оценуваа описно и нумерички според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Тимот за следење, анализа и поддршка за оценување е во состав:

- Елеонора Трајковска – директор
- Гордана Несторовска – психолог
- Гордана Костовска и Бесим Амети - претседатели на стручен актив на природна група предмети
- Слаѓана Новевска -Трајковска и Љуљзиме Бауш-Јусуфи – претседатели на стручен актив на општествена група предмети
- Маја Петковска и Имране Селмани – претседатели на стручен актив одделенска настава

Преку интерно проверување наставниците од одделенска и предметна настава ги оценуваа постигнувањата на учениците. Секој наставник согласно своите годишни планирања вршеше проверка на постигнувањата на ученикот (писмени задачи, тестови, наставни ливчиња). Оценките се соопштени на родителска средба која се одржува три дена по одржување на Наставничкиот совет на кој се утврдуваа оценките на учениците.

Работните должности на наставникот опфаќаа настава и други видови на организирана настава со учениците, (подготовка за настава, прегледување и оценување на писмени задачи и други изработки потребни за остварување на воспитно-образовниот процес).

Во текот на својата работа наставниците континуирано професионално се усовршуваат преку следење програми за обука и професионален развој.

## 15.2 Извештај за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар

Директорот, помошник-директор и стручната служба реализираа посети на наставните часови со физичко присуство во паралелките од I до IX одделение и тоа четири пати во текот на учебната година. Директорот и стручните соработници имаа изготвено инструменти кои се применуваа при посета на наставните часови. За тоа се изготвени извештаи со препораки за

подобрување на квалитетот на наставата. Исто така во текот на учебната година се следеше и работата на воннаставните активности како клубовите и секциите.

**15.3 Самоевалуација на училиштето**

Училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата е во состав: Гордана Несторовска - стручен соработник, Симона Лекоска – стручен соработник, Маја Тодоровска – одделенски наставник, Славица Тренкоска – предметен наставник, Љупка Христова - предметен наставник, Валентина Ивановска - одеделенски наставник, Сања Андевска - одделенски наставник и Ламбе Крстески – родител.Комисијата имаше задача да го следи и утврди квалитетот на работата на основното училиште.

Комисијата за спровдување на самоевалуацијата формираше тимови од наставници за работа на секое подрачје поединечно.

Самоевалуацијата се спроведуваше во три фази:

- подготвителна фаза
- фаза на реализација
- фаза на известување и усвојување

За таа цел се користеше целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите за секое подрачје, Рамката за самоевалуација, Развојно планирање и Годишна програма.

## 16. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето сериозно пристапува кон задачата за создавање безбедна средина за престој и работа на сите ученици, вработени и посетители. Со цел да се подобри личнаа и колективната безбедност беа превземени активности: заштита од пожари, обуки за прва помош, заштита при елементарни непогоди.Во соработка со Општина Ѓорче Петров, училишните објекти имаат служба за обезбедување на имот која функционира во ноќните часови, викенди и празници. Полициска станица Ѓорче Петров обезбедува екипа која се грижи за безбедност на приод и престој на учениците во училиште.

## 17. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Програмата за грижа на здравјето на учениците има една генерална цел:унапредување на здравјето преку едукација на учениците за здравата исхрана, превенција од разни болести и зависности, борба против ХИВ/СИДА и СПИ,

унапредување на социо-емоционалното здравје, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам и вклучување на родителите во активностит. Најважна цел на училишната програма за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината (според дефиниција на Светска здравствена организација). Целокупната грижа за здравјето на учениците се реализираше од страна на сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров-оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. Во нашето училиште се вршеа едукативни предавања кои ги организираше училиштето заедно со наставниците се со цел да се подобри здравјето на учениците.Наставата се реализираше со физичко присуство во просториите на училиштето, со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето. Нашето училиште водеше евиденција на дневна основа за реализацијата на наставата и отсуствата на учениците кои се евидентираа во е-дневник.

### 17.1 Хигиена во училиштето

Во учебната 2022/2023 година беше опфатена целокупната грижа за хигиената во училиштето (училниците, ходниците и тоалетите). Сите вработени во училиштето, наставниците, стручната служба, одделенските раководители и учениците свесно се грижеа хигиената да биде на високо ниво. Континуирано се вршеше дезинфекција на училишните простории, зголемена претпазливост и одржување на лична и колективна хигиена на високо ниво.

### 17.2 Систематски прегледи

Програмата за грижа за здравјето на учениците опфаќа реализација на систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана. Во оваа програма е опфатена целокупната грижа за здравјето на учениците, која ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. Во нашето училиште се вршеа едукативни предавања спроведени од наставниците и стручните соработници, со цел да се подобри здравјето на учениците. Низ работилници, советувања, едукации и разговори со учениците се реализираше здравствена едукација, превенција од болести и подобрување на психофизичкото здравје.

Во рамки на програмата за здравствена грижа, училиштето соработуваше со Поликлиника Ѓорче Петров како надлежна установа за спроведување здравствена заштита и вршење систематски прегледи на децата кои се запишуваа во прво одделение. Систематските прегледи за учениците се реализираа во Поликлиника Ѓорче Петров во придружба на

родител и одговорниот наставник.Училиштето реализираше советување на ученици и родители за зачувување на физичкото и оралното здравје.

**17.3 Вакцинирање**

Согласно календарот за имунизација даден од Министерство за здравство, организирано се вршеше имунизација на учениците од централното и подрачното училиште (учениците се упатуваа со одделенските раководители во присуство на родителите).Училиштето се грижеше систематските прегледи и вакцинации да се реализираа во термини кога учениците не се на настава со цел да не се губи од настава.

Во рамки на програмата за здравствена грижа, училиштето соработуваше со Поликлиника Ѓорче Петров како надлежна установа за спроведување здравствена заштита и вакцинации на учениците како и советување ученици и родители за зачувување на физичкото здравје.

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

Влијанието на училишната клима во ООУ „Јоаким Крчоски“ придонесува за подобра реализација на воспитно-образовната и креирање на училишната култура. Препознатлив белег на нашето училиште претставува училишната клима, како начин на соработка, почитување и заедништво на сите вработени. Професионален однос и почитување меѓу вработените, учениците и родителите, активности на училиштето и постигнувања на учениците се вредности кои овозможуваа промоција на училиштето во Општината и во пошироки рамки. Најважен субјект во училиштето е ученикот со примарно место и улога во училницата и наставниот процес. Преку реализација на воспитно-образовниот процес, позитивна комуникација, ученикот се насочува да формира, осознава, развива, подобрува и применува способности за: работна дисциплина и навики, исполнителност, да развива морални вредности и морална свест, да развива естетски вредности, да осознае и почитува. Препознавање вредности на добро здравје и правилен телесен развој, преку физичка активност, правилна исхрана, другарување, почитување на другите со различен пол, верска и етичка припадност. Нашето училиште континуирано работи и ги надградува современите демократски погледи кон светот. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работење, постигнувања на учениците во различни области, успешна инклузија и мултиетничка интеграција, постојана грижа за безбедност и добросостојба на сите ученици. Во своето работење во еколошки чиста средина, училиштето успешно реализира мисија и визија, континуирано води грижа за здравјето на сите ученици физичко, ментално и социјално здравје и унапредување на културата на живеење и однесување. Се поттикнува и практикува родова еднаквост, мултикултурализам и меѓуетничка интеграција. Училиштето овозможува услови за младински активизам, ги поттикнува

учениците за ангажирање во заедницата и реализација на хуманитарни акции за помош на наши ученици и други сограѓани, актвности на ученички парламент, активности иницирани од учениците и поддржани од училиштето. Учениците, родителите и заедницата се успешно вклучени во училишниот живот и секојдневната работа на училиштето.

**18.1 Дисциплина**

Кодексот на училиштето се применува според претходно усвоени правила на однесување и тие се почитуваа од учениците и вработените. Вработените се грижеа за почитување на правилата на однесување на учениците за време на престој во училиште и за време на патување со училишниот автобус. Во училиштето постои позитивна работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Сите вработени се грижеа за безбедноста и однесувањето на учениците при приемот во училиште, за време на одморите и одењето дома.

Подобрување и одржување на дисциплината на сите субјекти во училиштето се реализираше според планот за дежурство така што за секој работен ден се определуваа одговорни – дежурни наставници и ученици. Дежурниот наставник е задолжен да се грижи за редот и да води писмена евиденција за тековни случувања за време на часови и одмори. Се определуваа дежурни ученици кои водат писмена евиденција за тековните случувања во училишниот ходник и да ги евидентираат сите субјекти кои ќе го посетат училиштето. Дежурните ученици се одговорни за навремено ѕвонење помеѓу часовите за ред, дисциплина, хигиена и обезбедување непречена реализација на наставата. Ученикот е должен навремено да пристигне во училиште, (10 минути пред почеток на првиот час), на време да влезе во просториите на училиштето и училницата, без го нарушува мирот во училиштето. Ученикот има обврска за време на наставата дисциплинирано и активно да го следи секој час, да внимава, да биде концентриран и да ги извршува зададените работни задачи. За време на одмори меѓу часовите, училниците, ходниците и дворот на училиштето, ученикот се однесуваат примерно, да водат грижа за другите ученици и за себе, со особено културно однесување.

Во училиштето се реализираа советувања, разговори и работилници за насочување на учениците да се однесуваа совесно, учтиво и одговорно. Учениците соработуваа меѓу себе (соработка ученик-ученик), соработуваа со наставниот кадар и оваа соработка се воочува во сите аспекти од престој и работа на учениците во училиште и надвор од училиштето (за време на редовна, додатна и дополнителна настава, воннаставни активности, посети на институции). Училиштето има изготвено и соодветно применува правилник за изрекување педагошки мерки, а во училиштето дисциплината и поведението на учениците се на задоволително ниво и мал е бројот на настани со несодветно однесување и изречени педагошки мерки.

Училиштето во соработка со Ученичкиот парламент подготовува и реализира повеќе осмислени активности со цел надминување на појавата на закани, говор на омраза, навреди и провокации меѓу соучениците. Во училиштето нема пишани графити со негативни пораки. Во случаи кога учениците ќе забележат графити и пораки со негативна содржина се пријавуваа во училиште и содржините се отстрануваа од училишниот технички кадар.

| АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ДИСЦИПЛИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори, ресурси** | **Методи, постапки** | **Очекувани ефекти** |
| Презентација на Кодексот на однесување во училиштето | Септември, октомври 2022 | Тим за Училшна клима | Училишен кодекс на однесување | Презентација, промоција | Прифаќање и применување на кодексот на однесување |
| Дежурство на наставници | Учебна 2022/2023 | Наставници, стручна служба | Евидентни листи за дежурство на наставници | Дежурство во училишен хол и училишен двор за време на одморите | Дисциплинирано однесување на учениците |
| Дежурство на ученици | Учебна 2022/2023 | Ученици Ученички парламент | Евидентни листи за дежурство на ученици | Дежурство во училишен хол и училишен двор | Зголемување на одговорноста на учениците за поголема дисциплина |
| Упатување на ученици на разговор со стручна служба | Учебна 2022/2023 | Одделенски раководители, стручна служба | Протокол за упатување на ученици на разговор со стручна служба | Разговор, консултација со стручна служба | Дисциплинирано однесување на учениците, почитување на кодексот на однесување и соработка со учениците и вработените |

### 18.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Учениците имаа одговорен однос кон просториите во кои се реализираа активностите на училиштето, кон инвентарот, средствата и наставните материјали. Вработените и учениците имаа развиено одговорен однос кон уредување и одржување на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижеа за уредување на паноата во учлниците, катчињата со ученички изработки во училишниот хол, тековно одржување на хигиената во училишниот двор и чување на училишниот инвентар. Еко уредениот училишен простор, двор е резултат на заедничка работа и залагање на сите инволвирани во училиштето. Активностите за меѓутеничка интеграција во образованието училиштето, посветуваа големо внимание на уредување на ходници и заеднички простории во училиштата со балансиран приод, водејќи сметка за мултикултурализмот во централното и подрачното училиште.

Наставниот кадар успешно ја користи пофалбата како начин на мотивирање на учениците Училиштето има изграден начин на успешно промовирање на постигнувањата на сите ученици како во рамки на училиштето, така и во пошироката локална средина. Училиштето има позитивен систем на вредности кон постигнување успех во учењето и промовирање на

личните постигнувања на сите ученици. Креативните изработки од учениците, пофалници, дипломи и признанија се изложени во училиштето. Во училиштето се поттикнува креативност, логичко мислење и се стимулираат потенцијалите на учениците преку настава, работа на секции, воннаставни активности и психолошки работилници.

Училишниот тим од вработени и претставници на ученичкиот парламент даваат целосен допринос во естетско и функционално уредување на просторот.

Тим за училишна клима кој работи на естетско и функционално уредување на просторот во училиштето се: Валентина Ивановска, Игор Ангелески, Имране Селмани, Сузана Боцевска, Тодор Чакаловски и Аниса Адеми.

### 18.3 Етички кодекси

Училиштето реализираше заеднички наставни и воннаставни активности со балансирани хетерогени групи ученици од централно и подрачно училиште кои следат настава на два различни наставни јазици во два училишни објекти. Училиштето обезбедуваше меѓуетничка соработка на учениците и вработените од централното и подрачното училиште и соработка со други основни училишта од Скопје во кои се реализира настава на македонски и албански јазик. Училиштето ги насочува учениците да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

Училиштето има изготвено етички кодекси на учениците, наставниците, вработените и родителите. Во оваа учебна година изработени се нови училишни процедури и програми: процедура за превенција од дискриминација и сексуално вознемирување, помош на ученици под ризик, помош на ученици од социјално ранливи категории, превенција од зависности, како и програма за спречување омраза, провокации и навреди помеѓу учениците, постапка за пријавување и заштита на ученик/жртва на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Дефинирана е еко мисијата на училиштето „Развивање свесност за значењето на здрава и чиста животна средина“ која поттикнува правила на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Во текот на учебната 2022/2023 година учениците учествуваа во активности поврзани со екологија, со цел еколошка едукација на учениците и подобрување на состојбата на животната средина. На јасен и декларативен начин се покажува посветеност на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи, одржување на чиста средина заштитена од секаков вид загадување, во согласност со Еко кодекс.

Училиштето реализираше активности за меѓусебно запознавање на ученици од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите, унапредување на процесот на меѓуетничка соработка и социјална инклузија во училиштето. Согласно Програма за меѓуетничка интеграција на училиштето, успешно се реализираа активности за промоција на мултикултурализам во редовната настава и во воннаставните активности.

Училиштето има усвоен кодекс на однесување истакнат на видно место во кој се поставени принципи и правила на однесување на учениците, родителите и вработените во училиштето (раководен кадар, наставници, стручни соработници, административно-технички кадар). Кодексот е изработен со учество на наставен кадар, ученици, родители и претставници од административно-техничкиот кадар и е усвоен со транспарентна процедура. Во училиштето се применуваа пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот кои се спроведуваа во практика. Во училиштето на видно место е истакнат и се применува и Еко кодекс, изработен од ученици, родители и наставен кадар во соработка со Еко одборот.

## 18.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето е препознатливо по поволна клима за работа и позитивни меѓучовечки односи, меѓусебно почитување помеѓу ученици, родители, наставници и сите вработени во училиштето. Се води политика на активно вклучување на сите кои се инволвирани во училишниот живот. Најголем број од анкетираните ученици, родители, наставници се чувствуваа прифатени во училиштето. Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво во рамки на училиштето, помеѓу централното и подрачното училиште и со останати училишта на ниво на Општина Ѓорче Петров. Наставниот кадар реализира континуирана професионална соработка и активности за кариерен развој преку редовна и квалитетна работа на стручните активи.

Раководниот и наставниот кадар имаа меѓусебна соработка, почит и доверба и тоа допринесува во одржување на позитивна атмосфера во училиштето. Позитивната атмосфера и соработка меѓу сите училишни структури, наставници и ученици се воочува уште при првата посета на училиштето. Вработените ги упатуваа учениците да водат грижа за училиштето и инвентарот и пред се да се грижат едни за други (при патување од дома до училиште, превоз со училишниот автобус, во училиште и при посети на институции надвор од училиштето). Грижата за другите ученици е мотив за реализација на бројни хуманитарни акции во училиштето и ученички активизам за собирање материјални средства, храна и облека за ученици на кои им е потребна помош. Сите ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и социјален статус) се чувствуваа безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Оваа учебната година еден од приоритетите беше подобрување на поддршката и вклученост на ученици и родители во активности на училиштето. Училиштето работеше на поголема поддршка на родителите преку реализација на едукативни работилници за унапредување на родителските компетенции и запознавање со Правата на децата.Со цел подигнување на меѓусебната соработка и доверба се  реализираа заеднички прослави на верски празници, заеднички посети или излети, одржување на заеднички тројазични часови, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на

родителите. Училишната клима влијае на современата наставата која е флексибилна, интерактивна, прилагодена на потребите и интересите на учениците и стимулативна за активно учество на учениците. При реализацијата на наставата наставниците не се поставуваат како неприкосновени авторитети, во улога на пренесувачи на знаења, туку прават сѐ учениците да ги доживуваат како партнери и олеснувачи на процесот на учење.

Позитивната училишна клима придонесува и соработката со родителите/старателите која се постигнува со нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето не само како претставници во Советот на родители или Училишниот одбор, туку и како волонтери во разни случувања во училиштето, во улога на предавачи на теми за кои се стручни или како учесници во заеднички акции и други настани заедно со своите деца.

Тимот за училишна клима е составен од ученици, родители,наставници (Валентина Ивановска,Игор Ангелески,Имране Селмани,Сузана Боцевска,Тодор Чакаловски и Аниса Адеми). Училишниот тим направи анализа на критични точки во комуникацијата меѓу одредени структури и продложи со конкретни активности за подобрување на квалитетот на коминикацијата и меѓусебната доверба и соработка.

## 19. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

### 19.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Унапредувањето на професионалниот развој на образовниот кадар, во нашето училиште е континуирана задача. За таа цел е извршена анализа, анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета од обуки и семинари). Со реализација на анкета на наставниците и стручните соработници во училиштето, добиени се релевантни податоци.

**Детектирање на потреби за професионален развој**

| Цели | Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Постигнати резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на искуствата од реализација на настава според нови наставни планови и програми во учебната 2022/2023 година. | Анкети, анализи, идентификација на можностите за унапредување на реализацијата на новите наставни програми во прво и четврто одделение | цела учебна година | Тим за професионален развој<br>Стручен актив одделенска настава | Утврдување на состојбата за потреби за професионален развој на наставен кадар, за осовременување на настава | Стручна служба и Претседатели на активи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување аспекти за професионален развој на наставниците со цел усовршување на знаења и вештини за користење различни видови настава | Членовите на тимот за професионален развој реализираа активности за потребите на наставниот кадар | ноември – декември 2022 | Тимот за професионален развој, други наставници - соработници | Планирање активности и обезбедување услови за усовршување на наставниот кадар | Директор и Претседатели на активи |
| Избор обуки од Каталог на обуки за наставници и Каталог на обуки за стручни соработници | Анализа на понудените обуки и ја споредуваат со анализа на потребите од обуки на наставниот кадар | Учебна 2022-2023 | Тимот за професионален развој, други наставници - соработници | Избор на обуки од каталогот на овластени провајдери согласно на потребите и интересите на наставниот кадар | Директор и Претседатели на стручни активи |

### 19.2 Активности за професионален развој

Врз основа на утврдените потреби за професионален развој на сите вработени беа организирани и реализирани интерни обуки, семинари и работилници. Стекнатите знаења и способности се споделуваатпреку дисеминација со колегите од централно и подрачно училиште. Тимот за професионален развој го сочинуваа координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручните соработници во училиштето. Приоритетите за професионален развој произлегуваа од евалуацијата на училиштето. Податоците од реализираните обуки, вебинари и едукативни работилници се достапни во Прилог од Годишниот извештај за работата на училишето.

### 19.3 Личен професионален развој

Во текот на учебната 2022/2023 година наставниот кадар работеше на реализација на сопствениот личен план за професионален развој. Личниот план за професионален развој е изготвен врз основа на самоевалуација во однос на професионални компетенции, резултати од интегралната евалуација и извештаи од посети на часови на директорот на училиштето и советници од БРО. Наставникот кој од објективни причини не може да реализира дел од планираните активности во личниот план за професионален развој, во консултација со директорот на училиштето може да направи измена во личниот план за професионален развој.

## 19.4 Хоризонтално учење

Реализирани се различни видови дисеминација, пренесување на знаења и размена на професионалното искуство преку стручните активи, организирање на нагледни часови, работилници. Училиштето беше континуирано вклучено во иновациите во образовниот систем преку следење на голем број обуки, вебинари и работилници.

## 19.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставниците во основните училишта може да напредуваат во звања. Наставникот може да напредува во звањата наставник-ментор и наставник-советник.
Реализација на план за поддршка на воспитно образовниот кадар за нивно кариерно напредување.

| Реализирани активности | Реализатор | Време на реализаија | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со Законот за наставници и стручни соработници и правилникот за професионален развој | Директор<br>Помошник- директор<br>Стручна служба<br>Наставник-ментор | септември | Поттикнати наставници за професионален напредок |
| Поддршка на наставниците и стручните соработници | Директор<br>Помошник<br>Директор<br>Стручна служба<br>Наставник-ментор | Во текот на учебната 2022/2023 година | Мотивирани наставниции стручни соработници за напредување |
| Поттикнување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој и овозможување услови за реализација на предвидените активности | Директор<br>Помошник -директор<br>Стручна служба<br>Наставник-ментор | Во текот на учебната 2022/2023 година | Зголемена соработка меѓу раководниот орган, поголема ангажираност од страна на наставниците и стручните соработници |
| Посета, анализа и евалуација на наставни часови и воннаставни активности. | Директор<br>Помошник- директор<br>Стручна служба<br>Наставник-ментор | Во текот на учебната 2022/2023 година | Следење на имплементација на нова наставна програма, Концепција за основно образование и активна настава, Утврдување на јаки страни и надминување на слабостите на наставникот |
| Обезбедување на соодветна стручна литература, дидактички материјали и технологија, за стручно усовршување на наставниците и стручната служба | Директор<br>Помошник-директор<br>Секретар | Во текот на учебната 2022/2023 година | Осовременување на воспитно- образовната работа. Поефикасна настава прилагодена на потребните и интересите на учениците. Подобри постигнувања на учениците. |

# 20. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ, СТАРАТЕЛИТЕ

## 20.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Соработката со родители е реализирана со индивидуални средби, групни, телефонски разговори, интернет комуникација и писмени известувања. Средбите со родители се реализираа со претходно определен термин за прием на родител/старател. Распоредот за приемни денови беше истакнат на почетокот од месец септември на огласна табла во училиштето. Родителите се вклучуваа во давање идеи, предлози, донесување одлуки преку Совет на родители и Училишен одбор. Советот на родители работеше според програма за работа, соработуваше со училиштето, избираше претставници за членови од Советот на родители, членови во училишни комисии. Успешна соработка со училиштето, вработените и соработниците имаат претседателот на Советот на родители во централното училиште Ламбе Крстески и заменик претседателот Александра Ивановска, заедно со претседателот на Советот на родители во подрачното училиште Исамедин Амети.

Извештај за конкретните облици на соработка со родителите:

| Реализирана активност | Учесници | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|
| Заеднички родителски средби | Родители, раководители на паралелка, наставници и стручна служба по потреба | 06.09.2022 -одделенска настава<br>15.11.2022 -одделенска настава<br>05.09.2022 -предметна настава<br>17.11.2022 -предметна настава<br>25.01.2023- одделенска настава<br>24.04.2023- одделенска настава<br>22.05.2023- одделенска настава<br>23.01.2023- предметна настава<br>21.03.2023- предметна настава<br>20.04.2023- предметна настава<br>26.05.2023- предметна настава | Запознавање со наставна програма, распоред на часови, распоред на смени, превоз на учениците, осигурување, избор на претставник на паралелката за член на Совет на родители.<br>Подобрување на успех, поведение, дисциплина, реализација на предвидените активности во договор со родителите, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Состаноци на Совет на родители | Членови на совет на родители претставници на училиштето | 06.09.2022<br>15.11.2022<br>13.12.2022<br>09.02.2023<br>27.04.2023<br>08.05.2023 | Подобрување на успех, дисциплина на учениците, намалување на изостаноците<br>Вклучување во активностите на училиштето за осовременување на наставата и воннаставните активности како и за подобрување на условите за престој и работа во училиштето<br>Давање мислење за објавување групна јавна набавка за ужинка |
| Учество во организирање новогодишна работилница | Наставници, ученици, | 26.12.2022 | Вклученост на родителите во училишните активности по повод Нова година |
| Учество во проектите | Родители, ученици, наставници и стручна служба | Континуирано | Вклученост на родителите во училишните активности за унапредување во воспитно-образовниот процес |
| Учество во хуманитарни акции | Родители, ученици, наставници | 10.2022<br>12.2022<br>4.2023<br>6.2023 | Подигнување на свеста за правење хумани дела и помагање на лицата на кои им е потребна помош |
| Создавање здрави навики-здрава исхрана | Родители, наставници | Континуирано | Вклученост на родителите во подигнување на свеста за создавање на здрави навики |
| Естетско и холтикултурно уредување научилишниот двор | Наставници, ученици, родители | Континуирано | Вклученост на родителите во активностите на учениците |
| Отворен ден за граѓанско образование | Наставници, ученици, родители | 28.11.2022<br>8.05.2023 | Унапредување на граѓанската свест и култура |

### 20.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Соработката со семејствата одностно родителите/старателите на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, постигнувањата, напредокот, дисциплината, поведението и редовноста на учениците. Значајна е поддршката од родителите за спречување конфликти, намалување на насилство и булинг во училиштето. Родителите континуирано се вклучуваа во процесот на учење и воннаставни активности преку давање поддршка на наставниците за работа со учениците со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионална ориентација на учениците, во прибирање дидактички помагала и други наставни средства и материјали.

Начини на информирање на родителите: веб страната на училиштето и Faceebook страната на училиштето.

| Цел за информирањето/Активност | Начините на информирање | Носители на активност |
|---|---|---|
| Информација за набавка на потребни материјали за престојната учебна година | Подготвен пишан материјал за родителите | Одделенски наставници |
| Контактирање со родителите кои не ги запишале своите деца во нашето училиште, а припаѓаат на нашиот реон | Препорачани писма | Стручна служба |
| Детска недела | Објава на видни места во училиштето | Тим за детска организација |
| Информација за приемни денови | Огласна табла директна електронска комуникација наставник родител | Стручна служба, Наставници |
| Информација за изборни предмети | Информација за изборни предмети преку анкетни листови | Психолог, предметни и одделенски наставници |
| Здравствена заштита, систематски прегледи, вакцинација | Со писмена изјава | Стручна служба Раководители на паралелка |
| Додатна и дополнителна настава | Огласна табла | Стручна служба и наставен кадар |
| Хуманитарни акции | Објава на видни места во училиштето вербално информирање на јавноста | Тим за социјална заштита и Ученички парламент |
| Ученички приредби и натпревари | Објава на видни места воучилиштето | Одговорни тимови |
| Отворен ден на граѓанско општество | Објава на видни места во училиштето | Одговорни наставници,психолог |

### 20.3. Едукација на родителите/старателите

Во учебната 2022/2023 година реализирани се повеќе активности со родителите, како советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат послаб успех во учењето и несоодветно однесување. Училиштето даваше поддршка и помош на родители со семејни проблеми и семејства со ризик. Инклузивниот тим, стручната служба и наставниците ги информираа родителите на ученици со ПОП за состојбата, напредок на нивните деца и начини како да ги остварат своите права. Родителите се известуваа континуирано, усно, електронски и писмено за успехот, дисциплината, поведението и редовноста на ученикот. Во соработка со родителите се работеше на помош на ученикот за надминување на појавените проблеми. Училиштето изготвуваше информативни материјали, брошури, информатори, материјали прикачени на училишната веб платформа.

Реализирани едукативни работилници и обуки за родителите/старателите

| Реализирани работилници/обуки | Реализатор | Време на реализација | За кого е наменета | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Советодавна поддршка на родителите | Стручна служба, наставници | Во текот учебната 2022/2023 | Родители на ученици со потешкотии | Подобрување на успехот, дисциплината и редовноста на учениците и поддршка на семејството до надминување на проблемот |
| Работилница со родители на ученици од IX одд. на тема - Професионална ориентација и самозапознавање на децата | Психолог – Гордана Несторовска | 20.04.2023 год. | За родители на ученици од IX одд. | Професионално ориентирање на учениците од IX одд. за упис во средно училиште и нивните афинитети кон одредени области |
| Отворен ден за родители на тема – Подобрување на ментално здравје и добросостојба на учениците од I - IX одд. | Психолог – Гордана Несторовска | 12.06.2023 год. | За родители на ученици од I - IX одд. | Подобрено ментално здравје и добросостојба на учениците од I - IX одд. |

## ПООУ,,ЈОАКИМ КРЧОСКИ,, НИКИШТАНИ
## Годишен извештај  за соработка на основното училиште со родителите, старателите

| Реализирани активност | Време | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки за реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Општа родителска средба за учениците од I до IXодд. | 5.9.2022 | Одделенски раководители од. I до IXодд. | Дневен ред за состанокот, наставни планови и програми | Дискусија, Консултации, Презентација. | Создавање услови за успешна реализација на наставата и воннаставните активности |
| Отворен ден за родители на учениците од I до  Xодд. | 3.10.2022 | Одделенски раководители од I до IX одд. | Е дневник | Разговор Советување Насоки за работа | Подобрување на инфраструктурата на училиштето и донирање на средства за изградба на две нови училни и тоалети, бекатонизирање на паркингот и патеката до училиштето |
| Општа родителска средба од I - IX одд. Реализација на наставен план и програма, извештај за успех, редовност и поведение на учениците во првото тримесечие | 15.11.2022 | Одделенски раководители од. I до IXодд. | Дневен ред за состанокот, е-дневник, статистички анализи | Дискусија, Консултации, Презентација. | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на ученикот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Отворен ден за родителите од I до IX одд. | 28.11.2022 | Одделенски раководители од I до IX одд. | Е дневник | Разговор<br>Советување<br>Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности , донирање на пакетчиња за сите првачиња за нова година |
| Општа родителска средба за учениците од I до IXодд.: Реализација на наставната програма, извештај за успех, редовност и поведение на учениците во првото полугодие | 25.1.2023 | Одделенски раководители од.<br>I до IXодд.<br>родители | Дневен ред за состанокот,<br>е-дневник,<br>статистички анализи | Дискусија,<br>Консултации,<br>Презентација. | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на ученикот |
| Работилници со Совет на родители: Родителски стилови | февруари,м арт2023 | Стручна служба | Записници од работилницата<br>Записници на совет на родители | Психолошка работилница,<br>Презентација,<br>Дискусија,<br>Вежби. | Психоедукација на родителите за Стилови на родителство и почитување |
| Отворен ден за родителите од VI до IX одд. | април 2023 | Одделенски раководители од. VI до IXодд. | Е дневник | Разговор<br>Советување<br>Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности |
| Отворен ден за родители на учениците од I до Vодд. | април 2023 | | Е дневник | Разговор<br>Советување<br>Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности |
| Работилница со ученици и родители по повод верските празници Велигден и Рамазан Бајрам | 18.04.2023 | Одделенски раководители,<br>ученици,<br>родители | Материјали за работа | Работиници | Изработени декорации за Велигден и Бајрам, традиционални украси и храна |
| Општа родителска средба за учениците од I до V одд.<br>Реализација на наставната програма, извештај за успех, редовност и поведение на учениците во трето тримесечие | 24.04.2023 | Одделенски раководители од I до Vодделение,<br>родители | Дневен ред за состанокот, | Дискусија,<br>Консултации,<br>Презентација. | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на ученикот |
| Општа родителска средба за учениците од VI до IXодд.<br>Запознавање на родителите со реализација на наставната програма, успех, редовност и поведение на учениците во трето | 24.04.2023 | Одделенски раководители од VI до IX одделение,<br>родители | е-дневник,<br>статистички анализи | Дискусија,<br>Консултации,<br>Презентација | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на ученикот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| тримесечие | | | | | |
| Општа родителска средба за учениците од IXодд.: Активности за професионална ориентација на учениците. Извештај за успех, редовност и поведение на учениците на крај од учебната година | 16.06. 2023 | Одделенски раководители од IX одделение, родители Стручна служба | Дневен ред за состанокот, | Дискусија Консултации, Презентација. | Поддршка на ученикот за упис во средно училиште и избор на идна професија соодветно на постигнат успех и утврдени интереси и способности на ученикот |
| Општа родителска средба за учениците од I до Vодд. Запознавање на родителите со реализација на наставната програма, успех, редовност и поведение на учениците на крај од учебната година | 19.06.2023 | Одделенски раководители од I до Vодделение, родители | е-дневник, статистички анализи | Дискусија, Консултации, Презентација. | Создавање услови за подобрување на успех, поведение, редовност на учениците во наредната учебна година.и навремена реализација на активности за поддршка на ученикот |
| Општа родителска средба за учениците од VI до VIII одд. Запознавање на родителите со реализација на наставната програма, успех, редовност и поведение на учениците на крај од учебната година | 19 .04.2023 | Одделенски раководители од VI до VIII одделение, родители | Дневен ред за состанокот, | Дискусија, Консултации, Презентација. | Создавање услови за подобрување на успех, поведение, редовност на учениците во наредната учебна година.и навремена реализација на активности за поддршка на ученикот |

## 21. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2022/2023 година училиштето успешно комуницираше и соработуваше со други основни училишта, со локалната заедница, институциите од областа на културата, институциите од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва и здравствени институции.

**Соработка со локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население):**

Комуникацијата и соработката со Општина Ѓорче Петров континуирано се унапредуваше и продлабочуваше, бидејќи е од суштествено значење. Општина Ѓорче Петров, Градоначалник Александар Стојкоски и општинските советници континуирано ги следеа и поддржуваа активностите кои ги реализираше нашето училиште.

Игор Јовановски е претставник во Училишен одбор од општината Ѓорче Петров и даде значаен придонес во унапредувањето на работата на училиштето со постојано следење на сите училишни активности. Комисијата за образование,

спорт и наука при Општина Ѓорче Петров во соработка со раководителот на сектор за образование Соња Палчевска Ќосева и Илија Исакоски - советник за спорт и физичка култура, реализираа континуирана соработка со директорите на основните училишта, со цел промовирање на успесите на учениците. Училиштето оствари усна, писмена и електронска комуникација и реализираше состаноци, средби, дебати и трибини.

**Соработка со институции од областа на културата:**

Оваа соработка се реализираше преку учество на литературни и ликовни конкурси, натпревари, посети на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, домови на културата и кино сали.

**Соработка со институции од областа на образованието:**

Преку својата работа нашето училиште оствари соработка со останатите училишта од општината Ѓорче Петров и градот Скопје, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС - Сектор за основно образование, Istituto Comprensivo “Giudice Rosario Livatino” di Roccalumera и Невладина организација GLOBAL ETKİLEŞİM DERNEĞİ од Анталија, Турција. Соработката се реализираше преку сите видови комуникација (писмена, електронска, усна, преку посета на училиштето, онлајн работилници, организирање обуки и семинари).

**Соработка со невладини организации:**

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето, обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи, реализирана е соработка со голем број невладини организации, Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Нула отпад, Здружение за дислексија Ајнштајн, СОЛЕМ, Црвен крст - Карпош, Мировен корпус, Корени, АДРА и други.

**Соработка со спортски друштва:**

Нашето училиште со цел да го афирмира спортот помеѓу учениците соработуваше со голем број спортски друштва, како што се: Р.К. Вардар, Федерација на училишен спорт на Македонија, Општински училишен спорт Ѓорче Петров. Активностите на спортските друштва се реализираа преку учество на нашите ученици на натпревари во разни спортови. На овој начин се поттикнуваше спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

**Соработка со здравствени институции:**

Грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно - образовниот процес. Училиштето соработуваше со здравствени институции: Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, здравствени установи во локалната средина и Центар за јавно здравје. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано е заштитено здравјето на нашите ученици.

**Соработка со медиуми:**

Училиштето ја промовира својата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите. Ученичкото творештво и ученичките постигања во разни области добија можност за поширока афирмација.

| Реализација на акционен план за работа на училиштето во комуникација со јавноста и промоција на училиштето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Содржина** | **Реализирана активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Постигнати ефекти** | **Одговорно лице** |
| 1. | Реализирање Еко активности и учество во проекти на општинско ниво ПЕП – проекти | Еко акции<br>Еко активности<br>Еко кампањи | Во текот на учебната година | Еко одбор,<br>Општина Ѓорче Петров,<br>Еко патроли | Успешна реализација на ЕКО активностите; Развиена еколошка свест; Одржување на хигиена. | Еко одбор |
| 2. | Реализирање активности по повод Денот на Општина Ѓорче Петров | Спортски активности<br>Музичко ритмички активности | 19.09.2022 г.<br>20.09.2022 г. | Одговорни наставници, ученици од I и V одделение | Успешно претставување на активностите | Одделенски наставници:<br>Катерина Петреска,<br>Даница Павчевиќ,<br>Сања Андевска,<br>Јованка Костовска |
| 3. | Формирани спортски тимови и соработка со спортски друштва | Спортски натпревари<br>Избор на талентирани ученици од одделни спортови | 20.09.2022 г. – крос<br>22.23.09.2022 г. – Проект на Агенција за млади и спорт ,,Европски ден на училишниот спорт” - Штафетни игри/Полигон<br>17.10.2022 г. – футсал/машки<br>18.10.2022 г. – футсал/женски<br>25.10.2022 г. – одбојка/женски<br>14.12.2022 г. –Промоција на спортски реквизити, донација од Бугарската амбасада во РСМ | Силвана Миленковиќ – наставник по физичко и здравствено образование, ученици | Успешно учество и претставување во спортските натпревари; Развивање спортски дух кај учениците; Позитивно чувство на припадност и меѓусебно помагање. | Силвана Миленковиќ – наставник по физичко и здравствено образование |
| 4. | Соработка со Црвен | Хуманитарни | 10.2022 година | стручна служба, | Релизирани | одговорен наставник |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крст | активности/ акции | 12.2022 година | наставници, ученици | хуманитарни активности; Подигнување на свеста кај учениците. | Даниела Кимовска |
| 5. | Посета на историски споменици, институции од областа на културата | Посета на Скопско Кале Посета на кино ,,Милениум” | 21.10.2022 година | одделенски наставници, ученици од I до V одделение | Стекнати се нови искуства и знаења; Поттикната љубов кон филмската уметност | одделенски раководители |
| 6. | Реализација на активности во соработка со Општина Ѓорче Петров | Промоција на училиштето во рамки на општината (Одржан час во ЕКО училницата во село Кучково) | 3.11. 2022 година | Одделенски наставници: Сања Андевска Јованка Костовска, ученици од V одделение | Успешна промоција на работата на училиштето. Зајакната соработка и доверба помеѓу училиштето и општината. | Одделенски наставници: Сања Андевска, Јованка Костовска; Директор, Градоначалник Александар Стојкоски и претставници од Општина Ѓорче Петров |
| 7. | Соработка со невладини организации | Соработка во рамки на образовни цели Организирање работилници Предавања | 4.11. 2022 г. | Психолог Гордана Несторовска, НБО ,,Порака,, од Неготино, СОЛЕМ, ученици од VI и VII одделение | Проширени се знаењата на учениците од разни области. Мотивирани ученици за учество во активности во соработка со граѓанскиот сектор и НВО | Директор, стручна служба |
| 8. | Учество на натпревари | Интерен ликовен натпревар | 20.12.2022 г. | Марија Ставревска - наставник по ликовно образование, ученици од VI до IX одделение | Развиена меѓусебна соработка, учениците се поттикнати ликовно да се изразуваат и да ја градат сопствената самодоверба | Марија Ставревска - наставник по ликовно образование |
| 09.02.2023 | 1.Анализа на успех, изостаноци и поведение на учениците во прво тримесечие<br>2. Извештај за првото полугодие за учениците од прво до деветто одделение во учебната2022-2023 година<br>3. Активности на училиштето, собрани средства, идни акции, предлози, планирани екскурзии, учество во емисии, проекти<br>4. Предлози, мислења, сугестии; | Совет на родители | Членови на совет на родители | Т.1 По однос на првата точка, претседателот ги соопшти резултатите од направената анализа на постигнат успех, изостаноци, поведение.<br>Т.2 По однос на втората точка, беше истакнат извештај за првото полугодие за учениците од прво до деветто одделение во учебната 2022-2023 година.<br>Т.3 По однос на третата точка, беше истакнато дека во текот на првото полугодие, беше организиран новогодишен базар од кој беа собрани парични средства, а добиена е донација на парични средства од црквата, кои беа искористени за купување на телевизори и држачи за истите. Исто така беа организирани акции за собирање на средства за хигиена за учениците од ранливи категории. Организирани беа акции за подарување книги од страна на учениците за училишната библиотека. Беше истакнато дека учениците ќе учествуваат во емисијата „Ѕвон“.<br>Беше истакнат и начинот на одвивање на екскурзии.<br>Беше дадено известување дека училиштето е вклучено во Еразмус проект што претставува можност за наставниот кадар од училиштето. |
| 21.04.2023 | 1.Анализа на успех, изостаноци и поведение на учениците во третото тромесечие;<br>2. Извештај за реализиран излет со учениците од I до IX одд.<br>3. Предлози, мислења, сугестии; | | | Т.1 Направена беше презентација на анализата на податоци за успех, изостаноци, поведение и редовност на учениците во во третото тримесечје од учебната 2022/2023 година.<br>Т.2 По однос на втората точка, даден беше извештај за реализиран излет со учениците од I до IX одделение и целиот наставен кадар и стручна служба на училиштето, во месноста Горјани, црквата Св.Никита во Скопска Црна Гора. На излетот учениците другаруваа, играа тимски игри, разменуваа и споделуваа искуства, ја продлабочуваа љубовта кон природата и екологијата. По завршувањето на излетот во 13 часот сите се упатија кон училиштето од каде што продолжија кон своите домови. |

## ПРИЛОГ 8. Извештај за работа на Наставнички совет

### Во текот на учебна 2022/2023 година се реализирани 11 седници на Наставничкиот совет.

| ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Време** | **Реализирани активности** | **Реализатори** | **Постигнати ефекти** |
| 31.08. 2022 | 1.Организациска и кадровска подготвеност на училиштето за почеток на учебната 2022/2023 година;<br>2.Доделување на свидетелства и додаток на свидетелства на учениците за завршена учебна 2021/2022 година;<br>3.Предавање на годишни планирања и Личен план за професионален развој на наставен кадар;<br>4.Подготвеност на училиштето за прв училишен ден и свечен прием на првачиња.<br>5.Распоред на смени и распоред на часови за учебна 2022/2023 година;<br>6.Избор на членови на Еко одбор<br>7.Интерна обука „Спречување на трговија со деца“ – реализатор Тим за професионален развој<br>8.Реализација на заеднички МИО активности во учебна 2022-2023 година<br>9.Реализација на родителски средби и седница на Совет на родители<br>10.Насоки за рационално трошење на електрична енергија и ресурсите на училиштето<br>11.Замена на член во Училиштен инклузивен тим<br>12.Предлози, мислења и сугестии | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи<br>Инклузивен тим | Т.1. Наставната година ќе започне на Први септември, училиштето е подготвено за почеток, подготвени се сите училници со клупи и столчиња според бројот на ученици, исчистено и дезинфицирано е целото училиште.<br>Т.2 Директорот на училиштето истакна дека доделувањето на свидетелствата за завршена учебна 2021/2022 год. ќе биде на први септември, а додаток на свидетелства да се додели на учениците најкасно до деветти септември.<br>Т.3 Годишните глобални планирања и тематските процесни планирања на наставниот кадар пратени се на училишен mail и се поставени во Drive. Личниот план за професионален развој на наставен кадар треба да биде предаден најкасно до 15 Септември.<br>Т.4. Училиштето е подготвено за првиот училишен ден и за свечен прием на првачиња.<br>Т.5. Директорот на училиштето презентираше распоред на смени и распоред на часови за учебна 2022/2023 година.<br>Т.6. Поради истекување на мандатот на Директор Слаѓана Гаврилоска и назначување на нов в.д Директор Елеонора Трајковска, се врши замена на член во Еко одбор.<br>Т.7. Психологот на училиштето истакна дека тимот за професионален развој на mail ќе им испрати презентација на сите наставници на тема „Спречување на трговија со деца“ каде се претставени согледувања и насоки за помагање на деца кои се жртви на трговија со деца.Обуката е веќе реализирана и со ученички парламент.<br>Т.8. Извештаите за реализирана МИО активност да бидат предадени на време со сите информации и точен број на ученици кои учествувале.<br>Т.9. Родителски средби ќе се оддржат на 05.09.2022 год. (понеделник) од 17.30 часот за предметна настава и на 06.09.2022 год. (вторник) од 17.30 часот за одделенска настава. Советот на родители ќе биде на 06.09.2022 год. (вторник) од 18.00 часот.<br>Т.10. Директорот на училиштето ги истакна насоките за штедење дадени од општина.<br>Т.11. Поради истекување на мандатот на Директорката Слаѓана Гаврилоска и назначување на в.д. Директор Елеонора Трајковска, се врши замена на член во Училишниот инклузивен тим |
| 06.10. 2022. | 1. Анализа на Извештаи од средни училишта за број на запишани ученици од нашето училиште;<br>2. Распределба на бесплатни учебници за учениците;<br>3. Извештај на психологот од анкета на учениците за избор на секција во која членуваат; | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели | Т.1. Психологот на училиштето даде извештај за запишани ученици од нашето училиште во средните училишта<br>Т.2. Директорката на училиштето истакна дека на почетокот на учебната година учениците добија учебници за прво, второ и четврто одделение, во една книга во која се вметнати повеќе предмети. Учебници добија и учениците од повисоките одделенија по сите наставни предмети.<br>Т.3.Психологот посочи дека наставниците од централното и подрачното училиште треба да доставaт списоци за секоја секција, колку и кои деца ќе членуваат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4. Предлози за организација на интерни натпревари на знаења на учениците;<br>5. Формирање Стручно советодавно тело за подобрување на квалитетот на наставата;<br>6. Предлог за полагање на приправнички испит за наставник-приправник;<br>7. Предлози, мислења и сугестии | на стручни активи | Т.4.Директорот истакна дека во престојниот период треба да се спроведат интерни училишни натпревари, според програмата за реализирање на натпревари во учебна 2022-2023 год.<br>Т.5. На предлог на наставничкиот совет формирано е Стручно советодавно тело. Во ова тело влегуваат претседатели на стручни активи од централното и подрачното училиште.<br>Т.6.Наставничкиот совет ги разгледа документите за реализација на приправничкиот стаж на Игор Анѓелески (од 01.10.2021 до 30.09.2022 год.), наставник по физичко и здравствено образование, во централното училиште.<br>Во последната точка предлози, мислења и сугестии беа дискутирани следните теми:<br>- Во понеделник (07.10.2022 год) ќе се реализира есенски излет за сите ученици од I до Iодделение. Учениците од централното училиште ќе го посетат манастирот Св.40 Маченици“ во с. Орман, додека учениците од подрачното училиште ќе го посетат локалитетот Шамак, во близина на училиштето.<br>- Директорката истакна дека годишните планирања треба да се комплетираат и секој наставник да провери и во најкраток рок да испрати на училишниот маил доколку фали нешто.<br>- Пополнувањето на електронскиот дневник да биде најкасно до 10.10.2022 год.<br>- Директорката истакна дека треба да се почитува почетокот на часовите, наставниците да бидат на работните места половина час пред почетокот на часот. Да се почитуваат дежурства и сите дежурни наставници за време на одморите да бидат надвор во ходникот со учениците.<br>- На крајот на октомври ќе се организира отворен ден за граѓанско образование. Сите наставници на часовите да реализираат активност од темата што ќе биде одредена. |
| 14.11. 2022 | 1. Реализација на наставен план и програма;<br>2. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во прво тримесечие од учебната 2022/2023 година;<br>3. Реализација на приоритети на училиштето;<br>4. Согледување на стручен актив од одделенска настава за искуства од примена на нови наставни програми во I, II, IV и V одд;<br>5. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина;<br>6. Извештај за реализација на интерни натпревари на знаењата на учениците;<br>7. Реализација на работилници Образование за животни вештини и МИО активности; | Тим за Извештај<br>Директор<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Од анализа на излагањето на одделенските и предметните наставници на одделенските совети, Наставничкиот совет изведе заклучок дека Наставниот план и Наставната програма се навремено реализирани согласно Годишните и тематските планирања на наставниот кадар и Годишната програма за работа на училиштето за првото тримесечје од учебна 2022/2023 година.<br>Т.2. По реализација на одделенските совети и спроведени статистички анализи од стручната служба, утврдени се успех, изостаноци и поведение на учениците во првото тримесечје од учебната 2022/2023 година.<br>Т.3. Директорот на училиштето истакна дека кабинетот по природни науки е во подготовка и дека се чекаат екипи кои ќе го комплетираат. Откако целосно ќе се намести и ќе биде безбедно за работа ќе се пушти во употреба.<br>Т.4. Претседателот на стручен актив се изјасни за примената на новите наставни програми во I, II, IV и V одделение.<br>Т.5. По петтата точка беше истакнато дека ЕКО активности се реализираат во текот на првото тримесечје континуирано, најчесто со учениците од секција.<br>Т.6.Во текот на првото тримесечје реализиран е интерен натпревар по историја со учениците од осмо и деветто одделение. Планирани се натпревари по останатите предмети кои ќе се реализираат во текот на месец декември.<br>Т.7. Во текот на првото тримесечие наставниците реализираа МИО активности со учениицте |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 8. Реализација на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето;<br>9. Извештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби;<br>10. Одлука за испис на ученици;<br>11. Одлука за полагање класен испит на ученик Живоин Влајковиќ од VIII одд;<br>12. Предлози, мислења, сугестии. | | од одделенска и предметна настава. За секоја реализирана МИО активност наставниците треба да достават извештај кај стручната служба.<br>Т.8. За поттикнување на демократска клима во училиштето потребно е учениците да се вклучуваат во што повеќе активности.<br>Т.9. Специјалениот едукатор и рехабилитатор даде извештај за учениците со ПОП за учебна 2022/2023 година. Во нашето училиште има 12 ученици во Регистар од кои 9 се во предметна настава и 3 во одделенска настава.<br>Т.10. По барање од родител на ученици Дариа Стојческа од IX2одд и Дора Стојческа од VI2 одд. од 14.11.2022 година им престанува статус на редовни ученици во ООУ „Јоаким Крчоски“ – Волково поради преселба во странство.<br>Т.11. Ученикот Живоин Влајковиќ, од VIII2 одделение поради подолготрајно континуирано одсуство од настава остана неоценет на крајот од првото тримесечје. Од страна на сите присутни, предлогот е прифатен и донесена е одлука во поскоро време по враќањето на ученикот Живоин Влајковиќ да се реализира класен испит по сите предмети од материјалот за прво тримесечје.<br>Т.12. По последната точка предлози, мислења, сугестии Директорката на училиштето истакна насоки дадени од општина за претстојната учебна година:<br>- На почеток на секој месец треба да се достават до општина предвидени активности, во училиште или надвор од училиште (посети) за тој месец;<br>- Секое училиште треба да избере ден во текот на учебната 2022-2023 година и преку планирани точки да се претстави пред општина, родители и ученици од други училишта.<br>- Се даваат напори да се постави ЛЦД во една или две училници со цел полесно спроведување на настава по новата концепција. |
| 28.11. 2022 | 1. Разгледување на барање од родители Игор Угриновски и Соња Угриновска за ученик Јасен Угриновски;<br>2. Формирање Тим за помош и поддршка на ученици со изречени педагошки мерки;<br>3. Тим за насилство во училиштето и назначување одговорно лице за превенција на насилство во училиштето.<br>4. Предлози, мислења и сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Директорката истакна дека на ден 25.11.2022 година до училиштето стигна Опомена за неисполнување на законски обврски за заштита на ученик од насилство. Во опомената родителите на ученик Јасен Угриновски тврдат дека ученикот не е заштитен од училиштето и надлежните и дека трпи физичко, емоционално, психичко и социјално насилство. Директорката им ја прочита на членовите на инклузивниот тим опомената.<br>Т.2. Формиран е Тим за помош и поддршка на ученици со изречени педагошки мерки за поддршка и помош за надминување на проблемот. Во состав на Тимот е еден претставник од стручна служба, одделенски раководител/ раководител на паралелка и еден наставник кој предава на ученикот.<br>Т.3. Формиран е Тим за помош и поддршка на ученик – жртва од насилство. Тимот е во состав: Сања Андевска, Гордана Несторовска, Јусрен Селмани, Славица Тренковска, Маја Тодоровска.<br>За одговорно лице за превенција од насилство во училиштето е назначена Гордана Несторовска – психолог ,а телефон кој ќе го користи е телефонот на училиштето 02 20 53 117.<br>Т.4 По точка предлози, мислења, сугестии се договарани активности за зајакнување на дежурството на учениците и наставниците во ходник. Разгледувани се предлози за активности за реализиација на Новогодишен хепенинг. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17.01. 2023 | 1. Реализација на наставен план и програма<br>2. Одлука за Измена на Одлуката за формирање тим за превенција од насилство во училиштето;<br>3. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина<br>4. Извештај Тимот за евалуација на реализација на Годишната програма<br>5. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во првото полугодие од учебната 2022/2023 година<br>6. Прогласување најдобри поединци и прапаралелки<br>7. Реализација на приоритети на училиштето<br>8. Согледување на стручен актив од одделенска настава за искуства од примена на нови наставни програми во I,II,IV и V одд.<br>9. Реализација на програма за работа со талентирани и надарени ученици и Програма за работа со ученици кои потешко напредуваат.<br>10. Доделување на евидентни листови за учениците од I до IX одделение<br>11. Извештај за реализација на училишните активности и проекти (МИО, реализација на квизови, истражувања, дебати, активности за унапредување на демократската клима, училишни проекти)<br>12. Извештај од Стручно советодавно тело за подобрување на квалитетот на наставата<br>13. Ивештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби<br>14. Препораки за постапување на основните училишта од СВР – Одделение за превенција ( организирано и безбедно | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Од анализа на излагањето на одделенските и предметни наставници на одделенските совети, Наставничкиот совет изведе заклучок дека Наставниот план и Наставната програма се навремено реализирани согласно Годишни и тематски планирања на наставниот кадар и Годишната програма за работа на училиштето во учебна 2022/2023 година.<br>Т.2. Донесена е Одлука за Замена на Одлуката за формирање тим за превенција од насилство во училиштето. На местото од Слаѓана Гаврилоска поранешен Директор како член доаѓа Елеонора Трајковска во моментот ВД Директор на училиштето. Другите членови останувaат непроменети.<br>Т.3. Директорката на училиштето истакна дека во текот на првото полугодие од учебната 2022-2023 година успешно се реализираа повеќе активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина во кои беа вклучени учениците од I до IX одделение.<br>Т.4. По излагањето на тимот за евалуација на реализација на годишната програма, изведен е заклучок дека Наставната програма е навремено реализирана согласно Годишни и тематски планирања на наставниот кадар и Годишната програма за работа на училиштето за првото полугодие во учебна 2022/2023 година.<br>Т.5. По реализација на одделенските совети и спроведени статистички анализи од стручната служба, утврдени се успех, изостаноци и поведение на учениците во првото полугодие од учебната 2022/2023 година.<br>Централно училиште Волково: Вкупно 335 ученици од кои 220 се оценуваат описно и 115 ученици се оценуваат нумерички. Изостаноци – оправдани **7026** (20.97% по ученик),38 неоправдан (0.11 по ученик) , вкупно изостаноци- 7064 (21.08% по ученик). Поведение примерно 335 ученици (100%).<br>Најголем дел од учениците кои се оценуваат описно имаат напредок, целосно и со успех ги совладуваат наставните содржини во сите предмети. Сите ученици од прво одделение успешно се социјализирани и се прилагодија на наставата.<br>Во подрачното училиште училиште со настава на Албански јазик вкупно 46.73 % од учениците успешно напредуваат во совладување на наставните содржини и целосно ги постигнуваат целите по сите предмети, 34.58 % ученици имаат голем наредок во однос на иницијалната состојба но делумно ги постигнуваат целите во поголем број предмети и 5.61% од учениците недоволно ги постигнуваат целите по поголем наставни предмети, напредуваат со потешкотии и со индивидуално темпо и потребна им е помош во совладување на наставните содржини.<br>Подрачно училиште - Никиштани: Вкупно 156 ученици од кои 107 се оценуваат описно и 49 ученици се оценуваат нумерички. Изостаноци – оправдани 871, неоправдани 5, вкупно изостаноци- 876. Поведение примерно 156 ученици (100% од учениците).<br>Т.6. По повод петтата точка Прогласување најдобри поединци и паралелки Наставничкиот совет ги пофали следните ученици и паралелки:<br>Централно училиште – Волково<br>Ученици за пофалување<br>Одделение Ученик Причина за пофалување<br>VI 1 Петар Кировски Континуиран успех и напредок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | постапување во услови на дојава за поставена експлозивна направа)<br>15.Формирање училишни комисии<br>16.Предлози, мислења и сугестии | | VI 2 Ива Димова Континуиран успех и напредок<br>VII 1 Матеј Тодоровски Исполнителен, вреден и одговорен ученик<br>VII 2 Ана Костовска Континуиран успех и напредок, награди на натпревари<br>VIII 1 Симона Савевска Континуиран успех и напредок<br>VIII 2 Јана Јовановска Континуиран успех и напредок<br>IX 1 Давид Трајковски Континуиран успех и напредок<br>IX 2 Јована Јовановска Континуиран успех и напредок<br>За најдобра паралелка- VII 2 одделение бидејки учениците се многу одговорни, дисциплинирани и исполнителни во наставата и воннаставните активности.<br>Подрачно училиште – Никиштани<br><br>Ученици за пофалување<br>Одделение Ученик Причина за пофалување<br>I Рита Османи Континуиран успех и напредок<br>II Бекра Дураки Континуиран успех и напредок<br>III Кендрим Јахиу Континуиран успех и напредок<br>IV Ајан Емини Континуиран успех и напредок<br>V Јехона Амети Континуиран успех и напредок<br>VI Ермира Дураки Континуиран успех и напредок<br>VII Аниса Азизи Континуиран успех и напредок<br>VIII Јусра Селмани Континуиран успех и напредок<br>IX Алма Алими Континуиран успех и напредок<br>За најдобра паралелка - IX одделение бидејки учениците се многу одговорни, дисциплинирани и исполнителни.<br><br>Т.7. Директорката на училиштето истакна дека во првото полугодие од учебната 2022-2023 година, напорно се работеше за реализација на приоритетите на училиштето за учебната година. Во однос на наставата предвидените приоритети успешно се реализирани. Во подрачното училиште се изврши надоградба на две училници кои беа целосно опремени. Директорката истакна дека и во второто полугодие ќе се работи на целосна реализација на предвидените приоритети.<br><br>Т.8. Од излагањето на наставниците од Стручниот актив се изведе заклучок дека наставниците се соочуваат со проблем во однос на новите наставни програми за I, II, IV и V одделение. Некои содржини ги нема во книгите, има недостаток на книги за учениците и за наставниците.<br><br>Т.9. Директорката на училиштето истакна дека во текот на првото полугодие се проценија способностите на учениците и наставната програма секогаш се прилагодува според потребите на учениците. Изработени се ИОПи за ученици кои послабо напредуваат со цел полесно совладување на целите од Наставната програма. Исто така редовно се следат ученици кои се телентирани и успешно напредуваат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Т.10. Директорката истакна дека оценките во е-дневник се целосно пополнети. Родителските средби ќе се одржат наредната недела за одделенска и предметна настава. Родителите треба електронски да се потпишат на евидентните листови.<br><br>Т.11. Во првото полугодие успешно беа реализирани предвидените училишни активности и проекти. Сите записници од реализирани работилници треба навремено да се достават до стручната служба.<br><br>Т.12. Стручното советодавно тело истакна активности кои беа реализирани со цел подобрување на квалитетот на наставата во првото полугодие на учебна 2022-2023 година. Стручната служба изврши посета на часови во сите паралелки од I до IX одделение. Истакна дека на часовите наставниците користат соодветни методи и техники, ја прилагодуваат наставата на разбирлив начин за учениците, го пофалија начинот на предавање на наставниците како и вклученоста и активноста на учениците за време на часовите. Исто така истакнаа дека освен наставникот, стручната служба ги опсервира учениците за време на часовите и доколку забележат ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка се врши разговор со наставникот и се превземаат соодветни активности.<br><br>Т.13. Специјалниот едукатор и рехабилитатор даде извештај за напредокот и социјализацијата како и за потешкотиите со кои се соочуваа учениците со ПОП. Во првото полугодие има 11 ученици со ПОП од кои 8 ученици во предметна настава и 3 ученици во одделенска настава. Сите ученици работат според изготвен ИОП и прилагодена програма. Направена е ревизија на постигнувањата на целите за првото полугодие за сите ученици. Во текот на првото полугодие имавме двајца асистенти, за ученик од VI одд и ученик од IX одделение. Учениците од прво одделение успешно се прилагодени. Извшени се разговори со ученици каде што се забележани потешкотии и родителите се пратени на проценка во МКФ.<br><br>Т.14. Директорката на училиштето истакна дека во првото полугодие со учениците беше изведена вежба за дејствување при дојава на експлозивна направа. На училишниот меил беше испратена порака за поставена експлозивна направа. Во тој момент во училиштето немало ученици, а техничката поддршка била веднаш евакуирана. Дошла екипа која извршила потребна истрага и утврдила дека училиштето е безбедно.<br><br>Т.15. Се формираат комисии за:<br>- Комисија за преглед на педагошка документација – главна книга на учениците, евидентни листови на учениците и свидетелства<br>Јованка Костовска, Слаѓана Гаврилоска, Маријана Дејкоска<br>За подрачното училиште<br>Емел Селмани, Јашар Исмаили и Бесим Амети<br>- Комисија за учебници<br>Даниела Кимовска, Слаѓана Новеска- Трајковска и Тања Ангелкоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | За подрачното училиште<br>Нуран Исмаили, Локман Мемети и Имране Селмани<br>- Комисија за пофалби, награди и казни на ученици – избор на просветен работник на годината<br>Сања Андевска, Јасмина Стојановска, Љупка Христова<br>За подрачното училиште<br>Љуљзиме Јусуфи, Насер Азизи и Себије Мемеди<br>- Комисија за Е – дневник<br>Гордана Костовска, Симона Лекоска, Ана Настова<br>За подрачното училиште<br>Јусрен Селмани, Локман Мемети, Себије Мемети<br>Т.16. Во врска со последната точка Предлози, мислења и сугестии беше истакнато следното:<br>- Во централното училиште во првото полугодие беа реализирани повеќе хуманитарни акции и успешно беа предадени собраните средства.<br>- Во подрачното училиште родителите донираа средства за надоградба на две училници<br>- Директорката на училиштето истакна дека во текот на второто полугодие потребно е учениците да донираат книги за надополнување на училишната библиотека<br>- Да се реализираат донации во секоја паралелка за социјално загрозени семејства<br>- Кабинетите по природни науки се поставени но не целосно спремни за употреба. Материјалите кои се поставени во училниците се достапни и наставниците може да ги користат за време на часовите<br>- TEAMS тестирање за учениците од IV одделение од централното и подрачното училиште. |
| 1.02. 2023 | 1. Известување за вонреден инспекциски надзор од ДПИ;<br>2. Избор на нов член за Училишен одбор од редот на наставници од подрачното училиште;<br>3. Донесување решение за испишување на ученици Трајанка Пекиќ од IX2 одделение и Слободан Пекиќ од VI2 одделение;<br>4. Предлози, мислења, сугестии | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Директорката истакна дека на ден 25.01.2022 година во нашето училиште беше извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Хермина Николовска – државен просветен инспектор во Државен просветен инспекторат. Според Записникот за извршен инспекциски надзор бр 09-12 на датум 30.01.2023 година државниот просветен инспектор констатира дека училиштето презема мерки и активности за надминување на состојбите кои беа предмет на надзорот, при што не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор.<br>Т.2. Поради промена на работно место во друго училиште се заменува членот Емел Селмани од Училишен одбор со нов член Имране Селмани. Останатите членови остануваат исти.<br>Т.3. По извршени посети и разговори во домот на учениците Трајанка и Слободан Пекиќ и поради заминување во странство Наставничкиот совет донесе одлука да се изготват решенија за испишување на учениците Трајанка Пекиќ од IX2 одделение и Слободан Пекиќ VI2 одделние.<br>Т.4. По повод точката предлози мислења и сугестии директорката на училиштето истакна дека нашето училиште на 16ти март ќе учествува на училишна програма Ѕвон. Одговорните наставници да започнат со припреми и подготовки за предвидените активности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12.04. 2023 | 1. Реализација на Наставен план и програма во трето тримесечие од учебната 2022/2023 година;<br>2. Придобивки, новини и предизвици при реализација на наставата со новата концепција за основно образование;<br>3. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во трето тримесечие од учебната 2022/2023 година;<br>4. Извештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби;<br>5. Формирање комисии за упис на деца – ученици во прво одделение и упис на деца - ученици со надмината возраст во прво одделение во учебна 2022/2023 година;<br>6. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина<br>7. Извештај за реализација на училишните активности и проекти<br>8. Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Од анализа на излагањето на одделенските и предметните наставници. Наставничкиот совет изведе заклучок дека Наставниот план и Наставната програма се навремено реализирани согласно Годишните и тематските планирања на наставниот кадар и Годишната програма за работа на училиштето во учебна 2022/2023 година.<br>Т.2. Одделенските раководители на прво, второ, четврто и петто одделение од централното училиште ги изнесоа своите ставови околу придобивки и предизвици при реализација на настава со новата концепција за основно образование. Истакнаа дека со соочуваат со предизвик поради недостаток на учебнии за учениците и наставниците. Поради тоа наставниците спремаат текстови и да ги презентираат на телевизорот за време на часот за замена на учебник. Од следната учебна година со новата концепција ќе бидат опфатени сите одделенија од одделенска настава и учениците од VI одделение. Наставниците од подрачното училиште ги истакнаа придобивките од новата концепција особено за учениците од I одделение. Учениците напредуваат со брзо темпо и читаат кратки зборови.<br>Т.3. По реализација на одделенските совети и спроведени статистички анализи од стручната служба, утврдени се успех, изостаноци и поведение на учениците во третото тримесечие од учебната 2022/2023 година.<br>Централно училиште Волково: Вкупно 335 ученици од кои 220 се оценуваат описно и 115 ученици се оценуваат нумерички. Изостаноци – оправдани 11376 (33,96% по ученик), 70 неоправдани (0,21% по ученик) вкупно изостаноци- 11446 (34.17% по ученик). Поведение примерно 335 ученици (100%). Со слаби оцени се вкупно 6 ученици (5.22 %). Вкупен број на слаби оцени е 15 слаби оцени – три слаби по македонски јазик, математика, биологија и историја и по една слаба оценка по географија, информатика и физика.<br>Подрачно училиште - Никиштани: Вкупно 156 ученици од кои 107 се оценуваат описно и 49 ученици се оценуваат нумерички. Изостаноци – оправдани 1447 (9.27 по ученик), неоправдани 21 (0.13 по ученик), вкупно изостаноци- 1468 (9.40 по ученик). Поведение примерно 156 ученици (100% од учениците). Со слаби оцени се вкупно 14 ученици (28,57 %). Вкупен број на слаби оцени е 24 слаби оцени (0.49 по ученик) – 8 слаби по математика, 6 по биологија, 5 по информатика, 2 слаби по хемија, и по една слаба оценка по македонски јазик, ликовно, унапредување на здравјето.<br>Разгледан е предлог за пофалени ученици:<br>Предлог до Наставнички совет за пофалување ученици од одделенска настава од централното училиште<br>Ученик<br>$I^1$ Даријан Гавриловски<br>$I^2$ Софија Гиновска<br>$II^2$ Максим Иванов<br>Предлог до Наставнички совет за пофалување ученици од предметна настава- централно училиште<br>Ученик<br>$VI^1$ Софија Трпевска<br>$VI^1$ Петар Кировски<br>$VI^2$ Бојан Настов |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | VII1 Андреј Спирковски<br>VII$^{2}$ Леонид Василов<br>VIII$^{1}$ Симона Савевска<br>VIII $^{2}$ Јана Јовановска<br>VIII$^{2}$ Ева Петрушевска<br>IX$^{1}$ Тодор Чакаловски<br>IX$^{2}$ Мила Павловиќ<br>IX Јована Јовановска<br>Предлог до Наставнички совет за пофалување ученици од подрачното училиште<br>I Рита Османи<br>II Егзон Абдулахи<br>III Румејса Сулејмани<br>IV Ајан Емини<br>V Бетим Јахиу<br>VI Ермира Дураки<br>VII Аниса Азизи<br>VIII Јусра Селмани<br>IX Аљма Алими<br>Т.4. Инклузивниот тим даде извештај за постигнувањата на учениците со ПОП. Во училиштето има 11 ученици со ПОП. 3 во одделенска настава и 8 во предметна настава. За сите ученици на почетокот на првото полугодие беше изготвен ИОП од страна на УТ со диференцирани, прилагодени цели по еден или повеќе предмети во зависност од способностите и потребите на секој ученик посебно. За двајца ученици (ученик од VI и ученик од IX одделение) обезбедени се образовни асистенти кои им помагаат за време на наставата и совладувањето на целите согласно ИОП. Двајца ученици од I одделение се пратени во МКФ на проценка меѓутоа сеуште не се повикани. Доставени се документи до ОУРЦ „Златан сремец“ за обезбедување образовен асистент за еден ученик за 2023/2024 година.<br>Т.5. Формирана е комисија за упис на деца – ученици во прво одделение за учебна 2022/2023 година составена од следните членови:<br>За Централно училиште:<br>1. Симона Лекоска – Стручен соработник, специјален едукатор и рех.<br>2. Катерина Петреска – Наставник по одд. настава<br>3. Маја Петковска – Наставник по одд. настава<br>За Подрачно училиште:<br>1. Гордана Несторовска – Стручен соработник, психолог<br>2. Себије Мемеди – наставник по одд. настава<br>3. Имране Селмани – Наставник по одд. настава<br>Формирана е комисија за упис на деца – ученици со надмината возраст во прво одделение за учебна 2022/2023 година составена од следните членови:<br>За Централно училиште:<br>1. Симона Лекоска – Стручен соработник, специјален едукатор и рех. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 2. Катерина Петреска – Наставник по одд. настава<br>3. Маја Петковска – Наставник по одд. Настава<br>За Подрачно училиште:<br>1. Гордана Несторовска – Стручен соработник, психолог<br>2. Себије Мемеди – наставник по одд. настава<br>3. Имране Селмани – Наставник по одд. Настава<br>Т.6. Со излагањето на наставничката Ана Настова утврдено е дека сите планирани активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина успешно се реализирани со учениците. Планирана е една поголема активност со учениците од централното и подрачното училиште која следно ќе се реализира.<br>Т.7. Реализирани се повеќе активности во текот на учебната 2022-2023 година:<br>• Успешно е спроведен патрониот празник на училиштето и директорката се заблагодари на посветеноста и работата на сите колеги.<br>• Континуирано се спроведуваат активности за Еразмус проектот „Соработка за зелена иднина“. Ќе се постави дождовница и садници заедно со учениците.<br>• Реализирани се екскурзии со VI и IX одделение. Екскурзиите поминаа во најдобар ред, учениците и наставниците се задоволни од превозот, сместувањето и сите учениците кои беа на екскурзијата.<br>• Закажани се родителските средби за учениците од одделенска и предметна настава.<br>• Ќе се реализираат обуки за прва помош за ученици од VIII и IX одделние. Точните датуми дополнително ќе се определат.<br>Т.8. По последната точка предлози, мислења и сугестии дискутирани се следните теми:<br>• Директорката извести дека во јуни ќе се реализира втората мобилност поврзана со проектот „Соработка за зелена иднина“ во Турција.<br>• Директорката посочи да се внимава и да се засили дежурството во ходници за време на одморите.<br>• Наставничката Соња Лазороска побара да се опреми училница со информатичка опрема поради потребите за непречено и квалитетно изведување на наставата. |
| 18.05. 2023 | 1.Насоки за спроведување на активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата на учениците и вработените во училиштето;<br>2. Препораки и насоки за користење на мобилни телефони за време на настава кај учениците и наставниците<br>3. Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Директорката на училишетето Елеонора Трајковска ги презентираше насоките за спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и кадарот во училиштата и ученичките домови. Презентирани беа сите препораки од претходно споменатиот документ и прикажан е планот за спроведување на активностите. Потоа психологот на училиштето ги истакна препораките и сознанијата добиени на Регионалната координативна средба на стручните соработници и укажа на итна потреба сите во иста насока да реаѓираат за да се помогне да се намали вознемиреноста кај учениците по случувањата во соседството. Истакнато е дека со учениците треба да се реализирааат разговори во секоја паралелка од страна на стручната служба и наставниците, на првиот одделенски час и понатаму до крај на годината да се реализираат работилници ОЖВ и работилницата која е дадена со препораките од МОН. Договорени се датумите за родителски средби со истата цел кои ќе се реализираат во период од 22 до 25.05.2023. Психологот истакна дека во дописот со насоки за родителите кои веќе е испратен до сите родители е истакнат телефон за контакт со психологот во случај која |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | родителот има потреба за совет како да му помогне на детето да ја смири својата вознемиреност. Ќе биде реализирана и вонредна седница со Совет на родители за запознавање на родителите со начините на справување со актуелната состојба и активностите за враќање на довербата и чувството за безбедност во училиштето. Исто така психологот укажа дека голем дел д учениците во состојба на стрес реагираат со потешкотии со сон, исхрана, намалена концентрација и внимание и знаци на вознемиреност. Наставниците да го имаат ова во предвид и да помогнат на учениците кај кои ќе се забележат вакви симптоми. Дискутирано е дека и родителите треба да ја зајакнат родителстата функција и да обрнат поголемо внимание на воспитување на своите деца.<br><br>Т.2. Пред присутните директорката истакна Препораки и насоки за користење на мобилни телефони за време на настава кај учениците и наставниците. Во препораките е истакнато дека се ограничува користење на мобилните телефони за време на часот за сите ученици и вработени. Учениците треба при доаѓање во училиште да ги остават своите мобилни на определеното место (во „џебови“) и да си ги земат кога ќе си одат дома. Од оваа обврска се ослободени учениците кои мора псотојано да ги имаат телефоните покрај себе од здравствени причини (апликации за алармирање за дијабет, епилепсија и слично).<br><br>Т.3. Одложена е реализацијата на пролетниот излет за учениците од прво до деветто одделение од 23.05.2023 за 07.06.2023 година поради лошите временски прилики.<br>Директорката истакна дека во изготвување на важни документи за училиштето (Годишна програма, Самоевалуација, Развојно планирање ) и апликации за разни проекти е неопходно сите задолжени наставници од централното и подрачното училиште да се вклучат одговорно и навремено. |
| 14.06. 2023 | 1.Реализација на наставен план и програма;<br>2.Утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2022-2023 година;<br>3.Напредок на учениците со посебни образовни потреби и постигнување на цели (согласно изготвен ИОП) во учебната 2022/2023 година;<br>4.Истакнување најдобри поединци и паралелки;<br>5.Промоција на ученик првенец од IX одделение и ученик првенец на генерација за учебна 2014-2023 година;<br>6.Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. По првата точка од излагањето на наставниците да се изведе заклучок дека во учебната 2022/2023 година Наставниот план и Наставната програма за IX одделение се навремено, успешно и одговорно реализирани согласно Годишни и тематски планирања и Годишната програма за работа на училиштето.<br>Т.2. Реализирана е анализа на успех, редовност и поведение на учениците од IX одделение во централното и подрачното училиште на крај од учебната 2022/2023 година.<br><u>Централно училиште – македонски наставен јазик</u><br>Среден успех на учениците од IX одд: 4.45<br>Изостаноци: вкупно: 2449 (25.75 по ученик) оправдани:2421 неоправдани: 28<br>Поведение: Примерно 100%<br>Сите ученици се нумерички оценети – 100%<br><u>Подрачно училиште – албански наставен јазик</u><br>Среден успех на учениците од IX одд: 4.13<br>Изостаноци: вкупно: 243 оправдани: 243 неоправдани: 0. Поведение: Примерно -12 (100%)<br>Сите ученици се нумерички оценети – 19 (100%)<br>Т.3. По повод третата точка Инклузивниот тим даде извештај за постигнувањата на учениците со ПОП. Во IX одделение има 5 ученици со ПОП. За сите на почетокот на првото полугодие беше изготвен ИОП од страна на УТ со диференцирани, прилагодени цели по |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | еден или повеќе предмети во зависност од способностите и потребите на секој ученик посебно. Изготвен е извештај за постигнувањата на целите од ИОП за секој ученик посебно.<br>Т.4. По повод четвртата точка како најдобри поединци се истакнати следните:<br>- Тодор Чакаловски – IX[1]<br>- Јована Јовановска – IX[2]<br>- Алма Алими – IX Подрачно училиште<br>Т.5. За ученик првенец од IX одделение и ученик првенец на генерација за учебна 2014-2023 година е прогласена ученичката Мила Павловиќ од IX2 одделение.<br>Т.6. Под последната точка истакнато е следното:<br>- Свидителствата ќе се доделуваат на 19.06.2023 (понеделник)<br>- Родителските за IX одделение ќе се одржат на 15.06.2023 година<br>- Доставени се дополнувања на конкурсот за запишување во средно на ученици од IX одделение |
| 15.06.2023 | 1.Утврдување на успех, изостаноци и поведение на ученик Марко Вукелиќ VII1 одделение на крај од учебна 2022-2023 година;<br>2.Утврдување на успех, изостаноци и поведение на ученик Кристијан Вукелиќ VIII1 одделение на крај од учебна 2022-2023 година; | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Т.1. Седницата на Наставнички совет е свикана поради поднесено барање на ден 05.06.2023 од родител Елена Вукелиќ за доделување на свидетелство поради заминување во странство пред определениот датум на доделување на свидетелства за сите ученици. Разгледани се сите оцени на ученик Марко Вукелиќ и утврдено е примерно поведение, вкупно 58 изостаноци од кои 56 се оправдани а 2 неоправдани и среден успех – одличен 4.69. Наставничкиот совет одлучи да се издаде свидетелство на ученик Марко Вукелиќ.<br>Т.2. Разгледани се сите оцени на ученик Кристијан Вукелиќ и утврдено е примерно поведение, вкупно 33 оправдани изостаноци и среден успех – одличен 5.00. |
| 16.06.2023 | 1.Реализација на наставен план и програма;<br>2.Утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2022-2023 година;<br>3.Напредок на учениците со посебни образовни потреби и постигнување на цели (согласно изготвен ИОП) во учебната 2022/2023 година;<br>4.Истакнување најдобри поединци и паралелки;<br>5.Промоција на првенец на генерација за учебна 2022-2023 година;<br>6.Согледување на стручен актив од одделенска настава за искуства од примена на нови наставни програми во I,II,IV и V одд.<br>7.Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина | | Т.1. По првата точка од излагањето на наставниците да се изведе заклучок дека во учебната 2022/2023 година Наставниот план и Наставната програма се навремено, успешно и одговорно реализирани согласно Годишни и тематски планирања и Годишната програма за работа на училиштето.<br>Т.2. Реализирана е анализа на успех, редовност и поведение на учениците во централното и подрачното училиште на крај од учебната 2022/2023 година.<br>Централно училиште – македонски наставен јазик<br>Вкупен број на ученици 336<br>Среден успех на учениците: 4.51<br>Изостаноци: вкупно: 14066 (41.86 по ученик) оправдани: 13985 неоправдани: 81<br>Поведение: Примерно 100%<br>Описно оценети 114 ученици (33.93%), описно се оценуваат 222 ученици (66.07%)<br>Подрачно училиште – албански наставен јазик<br>Вкупно 156 ученици<br>Среден успех на учениците: 4.24<br>Изостаноци: вкупно: 1952 оправдани: 1899 неоправдани: 53<br>Поведение: Примерно -156 (100%)<br>Описно оценети 55 ученици (35.26%), нумерички оценети 101 ученик (64.74%) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 8.Извештај за реализирани работилници Образование за Животни вештини и МИО активности, реализација на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето<br>9.Реализација на програма за работа со талентирани и надарени ученици и Програма за работа со ученици кои потешко напредуваат.<br>10.Извештај од комисијата за запишување ученици во I одд. за учебна 2023/2024 година<br>11.Извештај за реализација на училишните приоритети и училишните проекти<br>12.Информација за доделување на свидетелства<br>13.Избор на учебници за наредната учебна година и враќање на бесплатните учебници<br>14.Изготвување Годишен извештај на училиштето за учебната 2022/2023 година<br>15.Изготвување Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година<br>16.Формирање стручен тим за подготовка на програма за ученички екскурзии и слободни активности на учениците во учебна 2023/2024 год;<br>17.Формирање Претседателство на стручни активи;<br>18.Предлози, мислења, сугестии | | Т.3. По повод третата точка Инклузивниот тим даде извештај за постигнувањата на учениците со ПОП. Во учебна 2022-2023 година во Регистар има 12 ученици со ПОП, 3 ученици во одделенска настава и 9 ученици во предметна, 8 машки и 4 женски ученици. За сите ученици во септември беше изготвен ИОП од страна на УТ со диференцирани, прилагодени цели по еден или повеќе предмети во зависност од способностите и потребите на секој ученик посебно. Изготвен е извештај за постигнувањата на целите од ИОП за секој ученик посебно. Добиени се нови проценки и насоки од МКФ за еден ученик од I одделение и еден ученик од II одделение. Според проценките за еден ученик дадани се насоки за образовен асистент како поддршка за време на настава.<br>Т.4. По повод четвртата точка како најдобри поединци се истакнати следните:<br><br>Голем напредок во усвојување на наставните содржини и примерно поведение и континуиран одличен училишен успех и примерно поведение<br>Даријан Гавриловски I 1 Софија Гиновска I [2] Буна Ибраими I<br>Илин Димовски II[1] Лина Мемеди II Лина Мемеди III<br>Јована Кузмановска IV[1] Леон Савевски IV[2] Ајан Емини IV<br>Сара Трајковска V[1] Дамјан Јовановски V [2] Јехона Амети V<br>Петар Кировски VI[1] Бојан Настов VI[2] Ермира Дураки VI<br>Андреј Спировски VII[1] Матеј Арсовски VII[2] Аниса Азизи VII<br>Симона Савевска VIII[1] Јана Јовановска VIII[2] Јусра Селмани VIII<br><br>Т.5. За ученик првенец на генерација за учебна 2022-2023 година прогласена е ученичката Мила Павловиќ од IX2 одделение со освоени 280,7 поени. Директорката и честита за успехот и и посака многу поголеми успеси понатака во иднина.<br>Т.6. Наставниците од стручните активи имаат состаноци на кои го истакнуваат напредокот и потешкотиите со кои се соочуваат. На одделенските совети секој наставник се произнесе за потешкотиите со кои се соочувал во оваа учебна година односно недостаток на учебници за реализација на наставата. Директорката истакна дека во следниот период ќе се организираат обуки за наставниците и ќе дадат информации за како понатаму ќе се реализираат активностите, се надеваме дека од септември ќе имаме комплетни учебници. Исто така стручните активи се произнесоа дека сега имаат повеќе воннаставни и слободни активности на кои учениците можат да ги истакнуваат своите потенцијали и можности.<br>Т.7. Директорката истакна дека сите планирани Еко активности се реализирани и предадени се извештаи за истите. Одговорен наставник Ана Настова.<br>Т.8. Сите планирани ОЖВ работилници и МИО активности се реализирани. Доставени се извештаи кои ќе влезат во Извештајот за работа на училиштето во учебна 2022-2023 година.<br>Т.9. Во Годишната програма за работа за учебна 2022-2023 година детално се поставени Програмата за работа со талентирани и надарени ученици и Програмата за работа со ученици кои потешко напредуваат. Сите планирани активности успешно и навремено се реализирани.<br>Т.10. Психологот на училиштето даде Извештај за запишани првачиња за 2023-2024 година. Во централното се запишани 32 ученици од кои 18 машки и 14 женски, од нив 28 се од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | списокот од МВР а останатите се доселени.<br>Во никиштани запишани се вкупно 22 првачиња од кои 6 се машки а 16 женски. 19 од нив се од список од МВР а другите се досели. Најголем дел од првачињата беа солидни и спремни за училиште. Имаше и првачиња со потешкотии кои се надеваме дека успешно ќе се вклопат.<br>Т.11. Сите предвидени проекти за учебна 2022-2023 година успешно се реализирани. Специјалниот едукатор и рехабилитатор истакна дека апликацијата за проектот Градиме мостови е одбиена поради голем број на апликации.<br>Т.12. Директорот на училиштето истакна дека свидителствата во централното и подрачното училиште ќе се делат на 1ви јули 2023 година (сабота).<br>Т.13. Учебниците за петто, седмо, осмо и деветто одделение се поделени, а за шесто се чекаат нови. Сите ученици навремено и уредно ги вратија учебниците кај одделенските и класните раководители.<br>Т.14. Директорката истакна задолженија за изработка на Годишна програма за учебна 2023-2024 година. Сите да ги достават своите делови најкасно до 3 јули за прегледување кај комисијата.<br>Т.15. Директорката истакна задолженија за изработка на Годишен извештај за учебна 2022-2023 година. Сите да ги достават своите делови најкасно до 26 јуни за прегледување кај комисијата.<br>Т.16. Формиран е стручен тим за подготовка на програма за ученички екскурзии и слободни активности на учениците во учебна 2023/2024 год;<br>Т.17. Формирано е претседателство на Стручни активи<br>Природна група предмети Гордана Костовска<br>Одделенска група предмети – Јованка Костовска<br>Општествена група предмети – Маријана Дејкоска |

## ПРИЛОГ 9. Извештај за работа на Одделенски совет

### РАБОТА НА СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

| ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| Време | Реализирани активности | Реализатори |
